Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 17**

**24.12.2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за укинување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година**

1.Ја објавувам Одлука за укинување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/1 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12. 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

За укинување на Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се укинува Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2025 година бр.17-840/6 донесен на седница на Совет на Општина Демир Хисар на 07.08.2025 година, објавен во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 11/2025.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-1207/3 Совет на општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател,
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13,

18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2026 година**

1.Ја објавувам Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородени дете во Општина Демир Хисар во 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

| | |
|---|---|
| **Бр.08-1249/2** | **Општина Демир Хисар** |
| **24.12.2025година** | **Градоначалник** |
| **ДемирХисар** | **Никола Најдовски с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.3/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во согласност на член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2026 година**

Член 1

Се утврдува паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2026 година и тоа:
- 10.000,00 денари за првородено дете во семејство,
- 12.000,00 денари за второродено дете во семејство и
- 15.000,00 денари за треторoдено и секое наредно родено дете во семејство

Член 2

Право на наведениот паричен надомест ќе имаат само семејствата кои се жители на Општина Демир Хисар.

Начинот на доделување и доставување на потребната документација ќе се врши согласно Правилникот за поблиските услови, критериуми и начинот на остварување на правото на паричен надоместок за секое новородено дете бр.17-73/9 од 31.01.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар“, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Одлуката има важност до 31.12.2026 година.

Бр.17-1207/4 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/3 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.3/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а во согласност на член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на ден 23.12.2025 година донесе,

**ОДЛУКА**
**за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар**

Член 1

Се доделува еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2026/2027 година во

општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар во износ од 7.000,00 денари

Член 2

Право на наведената парична помош се остварува преку поднесување на следната документација:

- Барање за еднократна парична помош за прваче;
- Потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2026/2027 година заверена од основно училиште од подрачјето на Општина Демир Хисар;
- Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на еден од родителите/старателите;
- Фотокопија од трансакциона сметка на еден од родителите/старателите;
- Изјава за давање согласност за користење на лични податоци.

Член 3

Општина Демир Хисар во месец август 2026 година ќе објави повик за доделување на еднократната парична помош за прваче.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-1207/5 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/4 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.3/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 11, став 1 од Законот за социјалната заштита (“Службен весник на РМ” бр. 79/2009), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23. 12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2026 година**

Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Демир Хисар во 2026 година се заснова на Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на социјалната заштита.

Цели

Основните цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Демир Хисар кон задоволување на потребите на граѓаните, преку обезбедување на мерки во областа на социјалната заштита;
- Справување со социјалната исклученост на ранливи групи;

Мерки и активности во остварувањето на социјалната заштита

Мерките и активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон помагање и поддржување за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Доделување еднократна парична помош или помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | МТСП | Други извори | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Еднократна парична помош или помош во натура | 12 мес. | Општина Д. Хисар | 1.200,000,00 | / | / | 1.200.000,00 |
| | Вкупно: | | | 1.200,000,00 | / | / | 1.200,000,00 |

IV. Финансиски средства за социјална заштита

Мерките и активностите во остварувањето на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар предвидени за 2026 година.

V. Распоредување на буџетските средства

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општината Демир Хисар, со напомена дека овие средства во зависност од опфатот на правата во текот на годината може да се менуваат согласно со Одлука на Совет на Општина Демир Хисар.

Дополнителни проекти ќе предлага Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

***VI. Активности поддржувани со други форми на активности***

Во Општина Демир Хисар делуваат здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација на маргинализирани групи. Општината Демир Хисар ќе ги поддржи нивните напори за отворање на клубови и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар се:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината:
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Демир Хисар.

***VII. Завршни одредби***

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-1207/6 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за активности на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/5 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ” бр. 202/24), член 22а од Законот за спорт („Службен весник на РМ” бр. 29/02 и 66/04), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

ПРОГРАМА
за активности на Општина Демир Хисар
во областа на спорт и млади
во 2026 година

I. Појдовна основа

Остварувањето на активностите во областа на спортот и младите во Општина Демир Хисар во 2026 година се заснова на Законот за локална самоуправа и Законот за спорт.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на активностите во областа на спортот и младите.

***II. Цели***

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на спорт, млади и подршка на здруженија на граѓани во 2026 година се:

1. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани.
2. Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско рекреативниот живот во Општината Демир Хисар.
3. Афирмација на Општина Демир Хисар во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

При креирањето на Програмата Општина Демир Хисар ги имаше во предвид и предлозите на граѓаните и здруженијата на граѓани согласно член 22а од Законот за спорт (“Службен весник на РМ” бр.29/02 и 66/04 год.)

За реализирање на целите на оваа Програма општина Демир Хисар ќе ги презема сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на овие активности најмногу ќе се насочуваат кон сочување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Демир Хисар во државата и надвор од неа.

## *III. Активности*

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | МС | Други извори | |
| | Финансиска поддршка на истакнати спортисти и спортски клубови од Општина Демир Хисар | | | | | | |
| 1 | Финансиска поддршка на истакнати спортисти од Општина Демир Хисар | по доставени барања | Општина Д. Хисар | 10.000,00 | / | | 10.000,00 |
| 2 | Финансиска поддршка на спортски клубови од Општина Демир Хисар | по доставени барања | Општина Д. Хисар | 200.000,00 | / | | 200.000,00 |
| | Финансиска и техничка поддршка на традиционални турнири и манифестации | | | | | | |
| 3 | Финансиска поддршка на билјард-турнир Станко - 2026 | јануари | Општина Д. Хисар | 53.000,00 | | | 53.000,00 |
| 4 | Финансиска поддршка на 6-ти хуманитарен меѓуинстуционален турнир во мал фудбал - 2026 | март-април | Општина Д. Хисар | | | | |
| 5 | Финансиска поддршка на традиционален турнир во мал фудбал Валентин Стефановски - 2026 | ноември-декември | Општина Д. Хисар | | | | |
| 6 | Финансиска поддршка на традиционален турнир во мал фудбал Виктор Илиевски - 2026 | септември | Општина Демир Хисар | 20.000,00 | / | | 20.000,00 |
| 7 | Финансиска поддршка на талентирани млади лица и ученици од | по доставени барања | Општина Д. Хисар | 17.000,00 | / | | 17.000,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | основни и средно училиште од Општина Демир Хисар кои освоиле 1, 2 или 3 место на државни натпревари | | | | | | |
| | Вкупно: | | | | | | 300.000,00 |

## IV. Финансирање

Финансирањето на активностите утвдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Демир Хисар, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат ангажирани дооплнителни средства од буџетот на општината.

## V. Други форми на делување

Освен со финансиски средства Општина Демир Хисар спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови на помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

- организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивни интерес,
- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот,
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

## VI. Завршни одредби

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа програма во делот на спортот ќе се одвива преку Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Бр.17-1207/7 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/6 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ "бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2026 година**

***I. Појдовна основа***

Остварувањето на поддршка на здруженија и фондации во Општина Демир Хисар во 2026 година се заснова на Законот за локалната самоуправа и останатите позитивни законски прописи кои се однесуваат на надлежностите на локалната самоуправа.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварување на поддршка на здруженија и фондации.

***II. Цели***

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации се:

- Поттикнување и поддршка на граѓаните во остварување на нивните интереси преку формирање на здруженија и фондации;
- Грижата за младите и соработката со здруженија и

фондации во согласност со можностите;
- Создавање услови за реализирање на активности на здруженија и фондации;

### *III. Активности*

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Демир Хисар ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:
- воспоставување на соработката со граѓанскиот сектор;
- обезбедување просторни услови за работа на здруженија и фондации;
- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;

Во областа на поддршката на здруженија и фондации, активностите на Општина Демир Хисар ќе бидат насочени кон реализирање на проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи во сите области на делување на локалната самоуправа.

| ед. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | Спонзори | Други извори | |
| 1 | Поддршка на програмски активности на здруженија и фондации | Ноември 2026 | Општина Демир Хисар | 170.000,00 | / | / | 170.000,00 |
| 2 | Поддршка на програмски активности на ОО на „Црвен крст“ Демир Хисар | Ноември 2026 | ОО на „Црвен крст“ Демир Хисар | 30.000,00 | / | / | 30.000,00 |
| | Вкупно: | | | | | | 200.000,00 |

### *IV. Финансирање*

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Демир Хисар, од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2026 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

### *V. Други форми на делување*

Освен со финансиски средства Општина Демир Хисар активностите на здруженијата и фондациите ќе ги помага и со:
- покровителство;

- доделување награди и признанија;
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- организирање трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес;
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

***VI. Завршни одредби***

Практичната реализација и контролата се одвиваат преку Советот на Општина Демир Хисар и Комисијата за општествени дејности, а следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за локален економски развој и јавни дејности во соработка со здруженијата и фондациите во Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр.17-1207/8 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/7 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 12, 14 и 39 Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09), член 5 од

Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ бр. 95/12), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2026 година**

**I. ВОВЕД**

Интегрираното сузбивање на заразните болести предизвикани од микроорганизми и штетници е збир на механички, физички, биолошки и хемиски мерки и постапки, а со цел за превентивни и куративни мерки, кои се превземаат за сузбивање или намалување на популацијата најмалку до прагот на штетност, запирање на растот и размножувањето, уништување на постоечката популација на штетници до биолошкиот минимум, односно влегување и задржување на штетниците на површината во просторот или објектот. Тоа се однесува на организми кои ги пренесуваат причинителите на заразни болести, паразитираат на човечкото тело, причинители се на алергиски реакции, делуваат токсично и предизвикуваат болести кај граѓаните.

**II. ЦЕЛИ**

Заради заштита на населението во Општина Демир Хисар од заразни болести и штетници, потребно е преземање соодветни мерки во текот на 2026 година. Со планираните активности според оваа програма ќе се зачува животната средина и здравјето на луѓето и подобри севкупниот амбиент во градот и населените места во Општина Демир Хисар.

**III. АКТИВНОСТИ**

Во 2026 година, за спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми и штетници, Општина Демир Хисар ќе ги преземе следните активности:

| | **Планирана активност** | **Место и локација** | **Месец на извршување** | **Планирани средства** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дезинсекција | Зелени површини, подрачја по течение на реките и водотеците, застојни води и подрачјата околу каналски системи на територијата на Општина Демир Хисар, урбани населби. | - март/април<br>- јуни<br>- јули<br>- август | 105.000,00 |
| 2 | Дератизација | Градот Демир Хисар, н.м. Суводол, Кутретино, Слепче, Сопотница, Велмевци, Слоештица | - мај<br>- октомври | 105.000,00 |
| 3 | Стручен надзор | | | 10.000,00 |
| | **Вкупно денари : 220.000,00** | | | |

**IV. ФИНАНСИРАЊЕ**

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2026 година - Подпрограма Ј80-други комунални услуги.

**V. КОНТРОЛА**

Контролата врз реализација на активностите од програмата ќе врши стручно лице ангажирано од страна на Општина Демир Хисар.

**VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар “.

Бр.17-1207/9 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за активноисти на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за активности на Општина Демир Хисар во областа на здравствена заштита за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/8 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), како и член 43 став 1 точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23. 12.2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за активности на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита за 2026 година**

## I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Општина Демир Хисар кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на здравствената заштита;
- Унапредување на здравјето на граѓаните.

## II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон потикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Унапредување на соработката на Советот на Општина Демир Хисар со јавните здравствени организации;
- Спроведување на превентивни активности за заштита на здравјето на граѓаните и
- Спроведување на активности за здравствено воспитување, особено на младата популација.

| Р. бр. | АКТИВНОСТИ | РОК | НОСИТЕЛ | ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Демир Хисар | Министерство за здравство | Други извори | |
| 1. | Едукација за превентива од дијабетис (шеќерна болест) | 16.11.2026 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 15.000,00 | | | 15.000,00 |
| 2. | Едукација за превентива од СИДА | 01.12.2026 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 10.000,00 | | | 10.000,00 |
| 3. | Едукација за превентива од вирусни инфекции (грип и сл.) | Септември 2026 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 10.000,00 | | | 10.000,00 |
| 4. | Едукација за превентива од коронарни болести | 27.09.2026 | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 15.000,00 | | | 15.000,00 |
| 5. | Едукација за превентива од карцином на дојка | | ЈЗУ “Здравствен дом” Демир Хисар | 15.000,00 | | | 15.000,00 |
| 6. | Трибини на тема зависности (дрога, алкохол) | | ЈЗУ “Психијатриска болница” Демир Хисар | 15.000,00 | | | 15.000,00 |
| 7 | Исхраната како лек | | ПЗУ „Св. Пантелејмон“ | 10.000,00 | | | 10.000,00 |
| 8 | Заштита од мобилни телефони и други ел. апарати | | ПЗУ „Св. Пантелејмон“ | 10.000,00 | | | 10.000,00 |
| | | | | | | **Вкупно** | **100.000,00** |

## III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар предвидени за 2026 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

**IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба, на предлог на Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар, Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

**V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа програма ќе се одвива преку Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

Бр.17-1207/10 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за јавно осветлување за 2026 година на подрачјето на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам на Програма за јавно осветлување за 2026 година на подрачјето на Општина Демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/9 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ “бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24),

член 43 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/3), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
за јавно осветлување за 2026 година
на подрачјето на Општина Демир Хисар

Со оваа Програма се утврдуваат работите по однос на јавното осветлување на територијата на Општина Демир Хисар, кои се предвидуваат да се одвиваат во две нивоа:

1.Контрола

-на потрошена електрична енергија;
-на техничка исправност на светилките и инсталациите;

2.Одржување на јавното осветлување

Двете предвидени нивоа ќе се реализираат по Урбани и месни единици, сукцесивно према извештајот од контролата, а согласно прибраните средства.

АД ЕВН, КЕЦ-Битола ги прибира средствата на име комунална такса за јавно осветлување и истите ги уплаќа согласно Законските прописи, на сметка на Буџетот на Општина Демир Хисар.

Спрема регистрираните потрошувачи на територијата на Општина Демир Хисар, за 2026 година се предвидува да се приберат околу **9.000.000,00** денари од кои еден дел ќе се распределат за:

-Потрошена електрична енергија 2.800.000,00 ден.

-Одржување на јавно осветлување 400.000,00 ден.

Останатите финансиски средства (околу 5.800.000,00 ден.) како приход во Буџетот на Општина Демир Хисар ќе се трошат согласно потребите и програмите во Буџетот.

**1.Контрола**

-потрошена електрична енергија;
-евидентирање на број и местоположба на броилата;
-евидентирање на состојба на броилата еднаш во месецот;
-евидентирање на диви приклучоци на уличната мрежа.
-техничка исправност на мрежата;
-техничка исправност на броилата;
-техничка исправност на улични светилки;
-техничка исправност на декоративни светилки;
-техничка исправност на опремата.

Извештајот на извршена контрола еднаш месечно.

**2.Одржување на улично осветлување**

а.) Јавно осветлување и
б.) Декоративно осветлување.

Набавката на материјалите за предвидените работи по оваа Програма ќе биде извршена преку распишување на тендер.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Демир Хисар “.

Бр.17-1207/11 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар во 2026 година**

1.Ја објавувам на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавна чистота во градот Демир Хисар во 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/10 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

# Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А

# ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАДОТ ДЕМИР ХИСАР

## во 2026 година

## Декември,2025 година

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр. 111/08г), а согласно член 43 точка 24 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02;4/05 и 7/09г), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.12 2025 година донесе:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ГРАДОТ ДЕМИР ХИСАР во 2026 година**

**ВОВЕД**

Одржувањето на јавната чистота, собирањето на сметот и чистењето на снегот во зимски услови се дејности од јавен интерес од локално значење.

Одржувањето на јавната чистота е континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објектии на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Јавните површини и отворени простори на јавни објекти на кои ќе се врши одржување на јавната чистота се: улиците, тротоари, велосипедските патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, парк-шуми, улични тревници, видиковци, гранични премини, железнички, автобуски, бензиски и такси станици и други објекти на комуналната инфраструктура, јавни телефонски говорници, зоолошки градини, градски гробишта, сајмишта, пазари, магацини и складишта, спортско рекреативни објекти, јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти. Одржувањето на јавната чистота и чистењето на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини го врши јавно претпријатие за комунални услуги, основано од општината. Работите на одржувањето на јавната чистота општината може со одлука на советот да ги отстапи на извршување на правно лице регистрирано за вршење на овие

работи, согласно со закон. Правата и обврските помеѓу општината и правното лице се уредуваат со договор кој содржи: вид и обем на работите, начин и рок на плаќање за извршување на работите и гаранција за исполнување на обврските од договорот. Согласно член 24 од Законот за јавна чистота Советот на општината ја утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребата-обемот за одржување на јавните површини и нивното подрачје. Исто така Советот на општината ја утврдува мерната единица по која би се наплаќал овој надоместок.

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе се врши преку доставување на сметката за собирање и транспортирање на комуналниот отпад и на другите видови неопасен отпад, кој се прикажува одвоено на сметката.

По исклучок наплатата на надоместокот може да се наплатува и одвоено преку доставување на посебна сметка, кога одржувањето на јавната чистота го врши правно лице различно од лицето кое врши собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови неопасен отпад.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на општината и се користат за финансирање на работите на јавната чистота.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини и редовно да го отстрануваат сметот од истите.

Собирање на смет е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавни површини и објектите и сместување во садови за смет.

Смет е збир на остатоци што се собираат при одржување на јавната чистота.

Потеклото и видот на сметот на јавните површини зависи од :

-густината на населеноста

-градски сообраќај-станбениот простор

-начинот на исхрана

-културата и другите навики на градските жители.

Сметот од јавните површини е од различно потекло и се состои воглавно од:

**1.Нормален секојдневен смет -** отпадоци во кои се вбројуваат:

-отпадоци кои се создаваат во просториите каде се живее или работи;

-отпадоци од храна, амбалажа, употребена хартија, разни метални, стаклени и пластични садови, стари алишта и слично;

-обичен уличен смет: кутии од цигари, кибрити, отпушоци, мастики, амбалажи, хартија.

-отпадоци кои се јавуваат при транспорт со возила (кај збирање на куќен смет, разнесување на градежен материјал, земјоделско ѓубре, сено, отпад, намирници и друго при утовар и растовар на разни врсти стока);

-при интензивни врнежи на дожд се врши преносно загадување на јавните сообраќајни површини од разни наносипесок, земја, лисја и др.)

**2.Сезонски смет-**кој се појавува на јавните површини обично само еднаш годишно. Тоа е последица на климатските промени и претставува извесна опасност за сигурноста на сообраќајот и здравјето на луѓето.
Сезонски смет има две врсти и тоа:
-лисјата од дрвјата кои паѓаат на јавните и сообраќајните површини покрај дрворедите и парковите. Оваа појава ја има наесен и претставува опасност за базбедноста на сообраќајот и движење на луѓето. Исто така од лисјата може да дојде до затнување на сливниците, односно градската канализација;
-песок и ситен камен (кој служи во зимскиот период за посипување на јавнитесообраќајни површини заради намалување на лизгањето на возилата).

## А. ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ако се земат во предвид годишните времиња постојат две сезони за чистење на јавните и сообраќајни површини:

**-Зимско чистење на улици:** кое осигурува несметан сообраќај на возила и пешаци, кај снежни врнежи и голомразици со чистење и отколонување на снегот и посипување на улиците со песок и сол.

- **Летно чистење на улиците** се обавува на два начина:

-суво чистење на јавните и сообраќајни површини

- водено чистење на јавните и сообраќајни површини

За утврдување на потребен број на работници за чистење на јавните и сообраќајни површини се користени Прирачници за нормирање и утврдување на обемот на работите и работните задачи за чистење на јавните сообраќајни површини.

### 1. СУВО ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ И СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

Ова чистење ја исклучува употребата на вода и може да се применува за чистење на сите јавни и сообраќајни површини.

Работникот кој обавува чистење на јавните површини снабден е со количка, лопата и метла. Чистењето го обавува така што сметот го собира на купчиња а потоа со лопата и метла го утовара во количка, која откако ќе се наполни ја носи во реонската депонија или контејнер од каде се изнесува со возило.
Чистењето на јавните сообраќајни површини во градот ќе се врши во следните предлог зони:

**Прва зона** - 1(еднаш) месечно, а во случај на итност може и повеќе по налог на општината, и

**Втора зона** - 11(единаесет пати) годишно

**Прва зона - чистење еднаш месечно**

| Ред.бр. | Улица | $м^1$ | $м^2$ - коловоз + тротоар |
|---|---|---|---|
| 1. | „Битолска“ | 1.770,00 | 15.930,00 |
| 2. | „Маршал Тито“ | 990,00 | 7.920,00 |
| 3. | „1-ви Мај“ | 840,00 | 6.720,00 |
| | **Вкупно:** | **3.600,00$м^1$** | **30.570,00$м^2$** |

Потребниот број на работници за чистењето на јавните сообраќајни површини во прва зона ќе се утврди со помош на Т-21 и спрема неа се утврдува времетраењето за чистење за 1м$^2$ ефективна површина и работниот учинок од м$^2$/час. При пресметките е пресметан степенот на загаденост кој изнесува 2 (втор) степен односно 50см$^3$/м$^2$.

30.570,00 м$^2$ х 0,36 ден/м$^2$ = 11.005,00 ден. за едно чистење

**12 месеци х 11.005,00 = 132.060,00 денари/годишно**

**Плоштад со тротоари- чистење четири пати месечно**

1.200,00 м$^2$ х 0.36 ден/м$^2$ х 4 пати = 1728,00 ден.

**12 месеци х 1728,00 ден. = 20.736,00 денари/годишно**

**Втора зона - чистење два пати годишно**

| Ред. бр. | улица | м$^1$ | м$^2$ - асфалт |
|---|---|---|---|
| 1. | „Партизанска“ | 1.600,00 | 12.800,00 |
| 2. | „29-ти Ноември“ | 320,00 | 2.560,00 |
| 3. | „Вељко Влаховиќ“ | 420,00 | 3.360,00 |
| 4. | „Гоце Делчев“ | 1.300,00 | 10.400,00 |
| 5. | „Ѓорѓи Сугарев“ | 180,00 | 1.440,00 |
| 6. | „Илинденска“ | 200,00 | 1.600,00 |
| 7. | „Стојан Лазаревски“ | 160,00 | 1.280,00 |
| 8. | „Јордан Пиперката“ | 230,00 | 1.840,00 |
| 9. | „Железник“ | 160,00 | 1.280,00 |
| 10. | „2-ри Септември“ | 160,00 | 1.280,00 |
| 11. | „4-ти Јули“ | 260,00 | 2.080,00 |
| 12. | „11-ти Октомври“ | 250,00 | 2.000,00 |
| 13. | „Охридска“ | 160,00 | 1.280,00 |
| 14. | „Левко Џамбазовски“ | 110,00 | 880,00 |
| 15. | „Дехитекс“ | 460,00 | 3.680,00 |
| 16. | „Мургашево“ | 220,00 | 1.760,00 |
| 17. | „Веле Марков“ | 220,00 | 1.760,00 |
| 18. | „Даме Груев“ | 150,00 | 1.200,00 |
| | | **Вкупно: 6.560,00м$^1$** | **52.480,00м$^2$** |

52.480,00 м$^2$ х 0 .36 ден/м$^2$= 18.893,00ден за едно чистење месечно

**11 месеци х 18.893,00 = 207.823,00 денари/годишно**

**ЗБИРНА СУМА ЗА ДВЕТЕ ЗОНИ**

Прва зона.......................................... **152.796,00 ден**
Втора зона............................................**207.823,00 ден**
Одвоз на наносен материјал - песок и отпад
годишно 4 пати паушал 2.200,00 ден = **8.800,00 ден**

---

**Вкупно: 369.419.00 ден/годишно**

## Б. МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

Ја вклучува употребата на вода и е најквалитетно и треба да биде основен начин за летното чистење на јавните сообраќајни површини. Бидејќи ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар не поседува потребно возило-автоцистерна за вршење на оваа услуга-миење на јавните сообраќајни површини нема да се врши, и доколку Советот на Општината смета да оваа услуга ја врши ЈКП „Комуналец“ треба заедно со претпријатието да обезбеди средства за набавка на потребно возило-автоцистерна или оваа услуга да ја врши друго правно лице регистрирано за оваа дејност согласно со закон.

### В. ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ

Чистењето на снегот по коловозите ќе се врши со соодветна механизација, а на тротоарите рачно.За чистење во градот Демир Хисар ги има следниве асфалтирани улици:

**Асфалтирани улици со должина:**

| | |
|---|---|
| 1.„Маршал Тито“ | =990м$^1$ |
| 2.„1-ви Мај“ | =840м$^1$ |
| 3.„Вељко Влаховиќ“ | =420м$^1$ |
| 4.„29-ти Ноември“ | =320м$^1$ |
| 5.„Партизанска“ | =1.600м$^1$ |
| 6.„Илинденска“ | =200м$^1$ |
| 7.„Ѓорѓи Сугарев“ | =180м$^1$ |
| 8.„Гоце Делчев“ | =1.300м$^1$ |
| 9.„Стојан Лазаревски“ | =160м$^1$ |
| 10.„Железник“ | =160м$^1$ |
| 11.„2-ри Септември“ | =160м$^1$ |
| 12.„Охридска“ | =160м$^1$ |
| 13.„Левко Џамбаз“ | =110м$^1$ |
| 14.„Дехитекс“ | =460м$^1$ |
| 15.„Мургашево“ | =220м$^1$ |
| 16.„4-ти Јули“ | =260м$^1$ |
| 17.„11-ти Октомври“ | =250м$^1$ |
| 18.„Битолска“ | =1.770м$^1$ |
| 19.„Јордан Пиперката“ | =230м$^1$ |
| 20.„Веле Марков“ | =220м$^1$ |
| 21.„Даме Груев“ | =150м$^1$ |
| **Вкупно:** | **= 10.160м$^1$** |

**Бидејќи чистењето на снег по коловозот на улиците е опфатено со Програмата за зимско одржување на патишта и улици, во оваа Програма ќе се опфати само чистење на снег на тротоари по улиците „Битолска“ со должина од 2.770,00 метри, „Маршал**

**Тито“ во должина од 1.340,00 метри, ,,1-ви Мај” во должина од 1.560,00 метри како и чистење на снег на јавни површини. Рачно чистење по тротоарите на м$^2$ површина ќе се пресметува по 6,80 денари/м$^2$.**
**Вкупно тротоари5,670.0 м$^2$ x 6.80ден x 6 пати =231.336,00денари/годишно.**
**Чистење на снег на јавни површини(плоштад и паркинг пред општинска зграда): 1.900,00м$^2$ x 6.80 ден x 5 пати = 64.600,00 денари/годишно)**
**Вкупно за чистење на снег: 295.936,00 денари/годишно.**
Во зимски услови при снежни врнежи давателот на услугата е должен да го исчисти снегот од јавните површини најдоцна **во рок од 6 часа** од почетокот на снежните врнежи.

## Г.ОДРЖУВАЊЕ НА ХИГИЕНА НА ПЛАНИНСКИТЕ РЕГУЛАЦИОНИ ОДВОДНИ ОТВОРЕНИ КАНАЛИ

Во градот Демир Хисар има два планински регулациони одводни отворени канали и тоа на улица „1-ви Мај“ и на улицата што ја поврзува „Битолска“ со„Партизанска“ пред Општината Демир Хисар и АД „Дехитекс“.

Дополнително по барање на граѓани ќе се врши чистење и на канал за атмосферски води што се собираат од улица Партизанска започнувајќи од решетката пред куќа бр.19, па надолу во должина од 30 метри и отворен канал до Стара Река, покрај игралиште во Мургашево, со должина од 50 м. **Вкупната должина изнесува 900м.** За одржување на хигиената на планински регулациони одводни отворени канали во Демир Хисар потребни се тројца работници и чистењето да биде еднаш месечно.

1. 3 работника x 110,00денари x 8 часа x 12 месеци = 31.680,00ден.
2. Изнесување на наносен материјал и шут од одводните канали годишно 4 x 2.200,00= 8.800,00 ден.
3. Чистење на нанос од сливници за атмосферска вода направени на улици низ градот 18 x 1.500 ден. x 3 пати годишно = 81.000,00 ден.
4. Чистење од ниска вегетација на пешачка патека-скали, на улица „Веле Марков“ 2 работника x 110,00 денари x 4 часа x 4 пати годишно = 3.520,00 ден.

---

**Вкупно : = 125.000,00 ден/годишно**

## Д.СОБИРАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ДО ОДРЕДЕНИ ДЕПОНИИ (ЈАМИ)

По барање на Општината за превоз со возило од час: по 2.200,00 ден
Поединечно собирање на угинати кучиња и други животни: по 800,00 ден/парче

**Претпоставено потребни средства............................ 20.160.00 ден/годишно**

## Ѓ.ПОСТАВУВАЊЕИ СМЕТНУВАЊЕ НА ЗНАМИЊА ЗА ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ

За поставување и сметнување знамиња се користи возило, кое покрај возачот го опслужуваат уште двајца работници или за едно поставување се потребни 3 часа.
3 часа х 2.200,00 х 12 повторувања = 79. 200,00 ден

___________________________________________________________

**Вкупно: = 79.200,00 ден/годишно**

## Е. ПОСТАВУВАЊЕ И СИМНУВАЊЕ НА СВЕТЛЕЧКИ УКРАСИ ВО ГРАДОТ ЗА НОВОГОДИШНИТЕ ПРАЗНИЦИ

За поставување на светлечки украси во градот пред новогодишните празници се користи возило, кое го опслужуваат уште двајца работници.
**Претпоставено: 20 часа х 2.200,00 ден = 44.000,00 денари**

## Ж.ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Јавното зеленило во градот е распоредено на две целини и тоа:
-градски парк со површина од 5.010 $м^2$
-зеленило по улици и тротоари од 2.000 $м^2$
-останати јавни површини

Одржувањето на зеленилото по улици ќе се врши по тротоарите на улицата „Битолска“, улица „1-ви Мај“, дел од улица „Маршал Тито“, како и јавни површини пред јавните институции Дом на култура и Општина Демир Хисар.

Потребни средства за одржување на јавно зеленило се следните:

**ГРАДСКИ ПАРК**
1. Полевање на тревник
4.380 $м^2$ х 1,20 х 10 повторувања =
**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**

2. Косење на тревник
4.380 $м^2$ х 1,40 х 6 повторувања = 36.792,00 ден

3.Собирање на покосена трева
4.380 $м^2$ х 0,80 х 6 повторувања = 21.024,00 ден

4. Гриблање и чистење на листови
4.380 $м^2$х 1.60 х 3 повторувања = 21.024,00 ден

5.Метење на патеки
340 $м^2$ х 0,50 х 10 повторувања = 1.700,00 ден

6.Режење на ружи и грмушки
30 парчиња х 32,00 х 2 повторувања = 1.920,00 ден

7. Окопување на ружи и грмушки
30 парчиња х 60,00 х 2 повторувања = 3.600,00 ден

---

**Вкупно = 86.060,00 ден/годишно**

**АЛЕА НА УЛ."БИТОЛСКА"**
1.Полевање на цветна алеа
1.190,00 $м^2$ х 2,80 х 5 повторувања =
**Оваа ставка нема да се извршува поради не функционирање на системот за полевање**
2. Окопување на дрвца и грмушки
1.190 $м^2$ х 2,60 х 2 повторувања = 6.188,00 ден

3. Режење на дрвца и грмушки
90 парчиња х 32,00 х 2 повторувања = 5.760,00 ден

4.Одвоз на вишок земја на окопување
1.190 $м^1$ х 3.60 х 2 повторувања =
**Оваа ставка нема да се извршува во тековната 2026 година поради тоа што не се предвидува вишок на земја**

---

**Вкупно : = 11.948,00 ден**

**ОСТАНАТИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ**
Косење и собирање покосена трева:

1. Покрај улиците „1-ви Мај",„Маршал Тито" и „Партизанска" (од Дехитекс до триаголник)
1.900 $м^2$ х 2,20 х 5 повторувања =20.900,00 ден

2. На планински регулациони отворени одводни канали
3.000 $м^2$ х 2,20 х 5 повторувања = 33.000,00 ден

3.На јавни површини пред јавните институции Дом на култура и Општина Демир Хисар
1.700 $м^2$ х 2,20 х 5 повторувања = 18.700,00 ден

4.На косини околу пазар
360 $м^2$ х 2,20 х 5 повторувања = 3.960,00 ден

5.На детско игралиште под далекуводот
850 $м^2$ х 2,20 х 5 повторувања = 9.350,00 ден

6. На спортско игралиште во Мургашево
800 $м^2$ х 2,20 х 5 повторувања = 8.800,00 ден

7.На градски стадион 5.300 м$^2$ (машинско и рачно покрај жица), како и косење и чистење на површини на влез, покрај соблекувални и покрај трибини
8 пати годишно паушал = 62.056,00 ден

____________________________________________________________________________

**Вкупно: = 156.766,00 ден/годишно**

**Се вкупно за одржување на јавно градско зеленило 254.774,00 ден/годишно**

## 3.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Согласно обврските на општините, предвидени во членот 12 став 2 од Законот за јавна чистота, задолжително е обезбедување на локации и изградба на јавни санитарни јазли. Во Деталниот урбанистички план за градот Демир Хисар предвидена е една локација наменета за изградба на јавен санитарен јазол која се наоѓа во близина на зелениот пазар во Демир Хисар. Покрај оваа локација се смета за потребно предвидување на уште една локација за изградба на санитарен јазол кај спортско рекреативниот комплекс на игралишта.

Општина Демир Хисар согласно Програмите за 2017 и 2018 година, изработи техничка документација и се заврши со изградба на јавен санитарен јазол на локацијата во близина на зелениот пазар.

Потребните финансиски средства за изградба на санитарниот јазол согласно изработените предмер и пресметка во техничката документација беа обезбедени од буџетот на општината.

Стопанисувањето и одржувањето на јавниот санитарен јазол ќе го врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

## Ѕ. ПОСТАВУВАЊЕ НА СООДВЕТНИ САДОВИ ЗА ФРЛАЊЕ НА ОТПАДОЦИ НА ЈАВНИТЕПОВРШИНИ И НА ОТВОРЕНИТЕ ПРОСТОРИ ПРЕД ЈАВНИТЕ ОБЈЕКТИ

Корисници или сопственици на јавни објекти се должни заради редовно одржување на јавната чистота во дворните површини надвор од објектите да обезбедат и постават садови за фрлање на отпадоци.

За одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти во државна, односно општинска сопственост, општината континуирано ќе води грижа за обезбедување на садови за отпадоци, кои ќе бидат соодветно поставени на места определени за таа намена. Празнењето на садовите и фрлањето на отпадот ќе го врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар по потреба.

Во соработка со ЈКП „Комуналец“ редовно ќе се ажурира графичкиот приказ на претходно поставените канти и контејнери во градот Демир Хисар, и ќе бидат предложени нови места за поставување на нови контејнери и канти за отпад.

Претпоставено за собирање и исфрлање на отпадот од садови поставени на јавни површини и отворени простори на јавни објекти:

2 работника x 110,00 денари x12 часа x 12 месеци = 31.680,00 ден.
Изнесување на отпадот паушал = 17.926,00 ден.

---

**Вкупно: =49.606,00 ден/годишно**

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**А.Чистење на јавни сообраќајни површини........................... 369.419,00 ден**
**Б.Миење на улици.................................................................. /**
**В. Чистење на снег од тротоари........................................... 295.936,00 ден**
**Г. Одржување на хигиена на планински регулациони канали............................................................ 125.000,00 ден**
**Д. Собирање и однесување на угинати животни до одредени јами.................................................. 20.160,00 ден**
**Ѓ.Поставување и сметнување на знамиња за државни празници ......................................................... 79.200,00 ден**
**Е. Поставување на светлечки украси пред новогодишни празници ................................................ 44.000,00 ден**
**Ж. Одржување на јавно зеленило ........................................ 254.774,00 ден**
**З. Обезбедување на јавни санитарни јазли ........................... /**
**Ѕ. Поставување на садови за отпадоци ................................. 49.606,00 ден**

---

**Вкупно : 1.238.095,00 ден**

**ДДВ 5% 61.905,00 ден**

**Се вкупно: 1.300.000,00 ден**

.

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Потребните средства за финансирање на работите предвидени во Програмата ќе бидат обезбедени од:

| Ред.бр. | Извор за финансирање | Износ ( денари ) со додаден ДДВ 5% |
|---|---|---|
| 1. | Од корисници на услуги :<br>-домаќинства:<br>-правни лица : | 344.232,00<br><br>609.768,00 |
| 2. | Буџет на општината | 346.000,00 |
| 3. | Од прекршочни казни (општокорисна работа) | |
| 4. | Од донации (контејнери, канти за смет) | |
| | **Вкупно:** | **1.300.000 денари** |

Број.17-1207/12
23.12.2025г
Демир Хисар

Претседател
на Совет на Општина Демир Хисар
Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програмата за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/11**
**24.12.2025година**
**ДемирХисар**

**Општина Демир Хисар**
**Градоначалник**
**Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), член 5 став 2 алинеја 3 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 215/21) и член 15 став 9 и 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/2002, 4/2005, 7/2009, 16/2013, 18/2014, 10/2019, 7/2021 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.12.2025 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за ревитализација по елиминирање на кризи во Општина Демир Хисар за 2026 година**

1. **Вовед**

Со употребата оваа програма се утврдуваат организацијата и функционирањето, одлучувањето и финансирањето на ресурсите, комуникацијата, координацијата и соработката, планирањето и на Општина Демир Хисар при ревитализација на општината по елиминирање на кризата.

Со мерките кои ќе се превземаат, по елиминирање на кризата се овозможува враќање во првобитна положба на сите објекти и правни субјекти кои се под надлежност на Општина Демир Хисар.

Општина Демир Хисар со оваа Програма ги опфаќа целите и активностите, кои ќе ги спроведе во активности соработка со другите субјекти, со цел ревитализација на општината и истите претставуваат од јавен интерес.

Во справувањето со кризи и враќање во првобитна положба општините ги имаат следните активности:

-Ги следат состојбите, дејствата и појавите кои можат да доведат до настанување на криза на подрачјето на општините,

-Донесуваат и ажурираат процена на загрозеност од ризици и опасности за настанување на кризна состојба на подрачјето на општините,

-Донесуваат програма за ревитализација на општините и градот Скопје по елиминирање на кризата,

-Ги спроведуваат одлуките на Владата во врска со управување со криза на подрачјето на општините и градот Скопје,

-Одлучуваат за висината на средствата за управување со кризи од буџетот на општините и на градот Скопје.

Во справувањето со криза градоначалниците на општините и градот Скопје, обезбедуваат координација на учесниците во системот за управување со кризи на локално ниво.

Реализацијата на оваа програма за ревитализација на Општина Демир Хисар по елиминирање на криза е со обврзувачки карактер, со Закон, и не треба да трпи одлагања.

Општина Демир Хисар, основните цели на оваа програма ќе ги остварува преку:

-Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар,

-Општински штаб за заштита и спасување,

-Територијалната противпожарна единица Демир Хисар,

-Просторните сили за заштита и спасување на Општина Демир Хисар,

-Регионалниот штаб за управување со кризи што го формира ЦУК и
-Јавните претпријатија, установи и служби во општината.

**2. Основни цели на Програмата:**

-Враќање во функција односно првобитна положба на сите објекти и правни субјекти под надлежност на Општина Демир Хисар.
- Изработување на единствена процена на штета предизвикана од кризна ситуација. Одлучување за висината на средства од буџетот на ЕЛС за враќање во првобитна положба на сите објекти и субјекти под надлежност на општината.
-Обезбедување котинуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација по справување со кризата и ревитализација на општината.
-За реализација и остварување на целите на оваа Програма, активностите на општината и Советот на општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за ревитализација на општината по елиминирањето на природни непогоди и други несреќи.

**3. Финансирање на активностите за ревитализација на општината по елиминирањето на кризата**

Финансирањето на активностите за ревитализација по елиминирањето на кризата, дејствувањето на сите субјекти под надлежност на Општина Демир Хисар за ревитализација на општината, ќе бидат финансирани од буџетот на Општина Демир Хисар, Републичкиот буџет, доброволни прилози и други средства од правни и физички лица.

Активности за реализирање на програмските одредби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата:

-Обнова и враќање во функција на објекти и правни субјекти под надлежност на општината,

- Безбедносна проверка на објектите под надлежност на општината и

- Изработка и ажурирање на соодветна документација.

За финансирање на основните цели и активности на Програмата, предвидени се средства во износ од 100.000 денари.

**4. Завршни одредби:**

Носител и одговорен за релизација на Програмата за ревитализација е Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар.

Општина Демир Хисар ќе остварува потребна соработка со Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување и други органи и тела, ќе го следат спроведувањето и реализацијата на оваа Програма.

Наведените органи и тела ќе покренувааат иницијативи, ќе даваат мислења и предлози за доследно и квалитетно реализирање на Програмата.

Програмата ќе биде финансирана од Буџетот на Општина Демир Хисар во рамките на планираните средства за оваа програма на Општина Демир Хисар за 2026 година.

Оваа програма влегува во сила со осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник" на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1207/13 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на заштитата и спасувањето во 2026 година**

1.Ја објавувам на Програмата за активностите на Општина Демир Хисар во областа на заштита и спасување во 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/12 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 9, 34 и 123 став (4) од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РСМ“ бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), член 22 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и 202/24 год.) и и член 15 став 9 и 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.5/2002, 4/2005, 7/2009, 16/2013, 18/2014, 10/2019, 7/2021 и 21/23), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.12.2025 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Демир Хисар во областа на заштитата и спасувањето во 2026 година

1. **Вовед**

Општина Демир Хисар настојувајќи да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи и катастрофи, а врз основа на обврската да обезбедува услови за мирен и безбеден живот на своите граѓани, особено најранливите (на пр. жени, млади, стари, лица со попреченост и др.), ја предлага наведената Програма.

Програмата за 2026 година, со која се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и

спасувањето ќе се реализира во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, МВР, Министерството за одбрана, Општинската организација на Црвен крст Демир Хисар и други организации и институции кои остваруваат активности од јавен интесрес.

Заштитата и спасувањето, преставува збир на мерки и активности кои се превземаат од страна на субјектите во системот, со цел навреме да се откријат и спречат настанувањата и отстранат последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи, кои пак заедно со влошувањето на состојбата на животната средина и зголеменото влијание на климатските промени, очекувано е да настапи значително зголемување на фреквенцијата, интензитетот и магнитудата на овие настани, при што се повеќе и повеќе луѓе ќе бидат изложени на нивните ефекти.

Според законските одредби, Општина Демир Хисар во 2026 година овие активности ќе ги остварува преку:

-Одговорните лица во општинската администрација;

-Општинскиот штаб за заштита и спасување;

-Просторните сили за заштита и спасување;

-Други институции зависно од видот на активноста што ќе се реализира.

Со програмата ќе се овозможи финансирање на системот за заштита и спасување, заштита на граѓаните, материјалните добра и природните ресурси од елементарни непогоди и други несреќи, со главен акцент ставен на превенција, односно превземање на мерки и активности за превентивно делување.

При определувањето на приоритетите ќе се земат предвид специфичните потреби и предизвици на жените и мажите во услови на кризи и природни непогоди, односно при креирање на телата задолжени за реализација на оваа програма ќе се внимава на балансирано учество на жените и мажите во процесот на креирање мерки и политики и донесување на одлуки.

Во истата се наведени чекорите за да таа се оствари, преку:

-Цели,

-Активности,

-Извор на финансиската конструкција и

-Завршни одредби.

Одделни поими употребени во оваа програма го имаат следново значење согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) и Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 215/21) :

1. "Природни непогоди" се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство;

2. ,,Други несреќи" се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни

материи и средства при производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко- технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер);

3. “Заштита од природни непогоди и други несреќи” е преземање на организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства за непосредна лична и колективна заштита на луѓето, животинскиот и растителниот свет, имотот, културното наследство и животната средина од последиците предизвикани од природни непогоди и други несреќи;

4. “Спасување” е преземање на конкретни мерки, активности и постапки за заштита на луѓето чиј живот или здравје се загрозени, на животните, растенијата, имотите и културното наследство од последиците на природни непогоди и други несреќи;

5. “Помош” е преземање на конкретни активности за одговор на природни непогоди и други несреќи од страна на стручни лица, тимови и спасувачки единици;

6. “Поддршка“ е преземање на одредени активности за логистичко обезбедување кои се во функција на заштитата и спасувањето од природни непогоди и од други несреќи, со единствена цел за зголемување на ефикасноста на одговорот на погодената заедница;

7. “Организирани сили за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи” се посебно организирани единици или поединци во рамките на државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва и другите правни лица кои навремено интервенираат во случај на опасност;

8. “Средства за заштита и спасување” се заштитна и спасувачка опрема и орудија (алат), објекти за привремено сместување, објекти и опрема за оспособување, магацини, превозни средства, телекомуникациски и алармни уреди, како и материјал кој наменски се употребува за заштита и спасување или е предвиден за таа цел;

9. ”Откривање на настанувањето на природните непогоди и други несреќи” е спроведување на активностите за следење на состојбите во воздухот, почвата и водата и навремено информирање;

10. „Ризици и опасности“ се можни манифестации во случај на настанување на несакани појави и елементарни и други непогоди, техничко-технолошки катастрофи, епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните, како и деградација од поголем обем и уништување на животната средина;

11. „Ресурси“ се граѓани, објекти, моторни возила, материјално-технички средства, опрема и финансиски средства со кои располага, во овој случај Општината;

12. „Криза“ е појава со која се загрозени основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на општината, односно се загрозени уставниот поредок и безбедноста на Републиката;

13. „Кризна состојба“ е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката и Општината за чија превенција и/или справување е потребна употреба на поголем обем на ресурси;

14. „Превенција“ е збир на планирани, организирани и институционално водени активности насочени кон намалување или целосно избегнување на неповолните влијанија од ризиците и опасностите и со нив поврзаните несреќи, катастрофи, кризи и кризни состојби.

**2. Цели на Програмата**

Целта на оваа програма е да се обезбеди увид во важноста и влијанието, интересите и потенцијалните улоги на Општина Демир Хисар и различните групи на засегнати страни во:

-Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи (пожари во шуми, отворени простори и други видови опасности);

-Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра, имајќи ги предвид специфичните потреби на жените како и воспоставување на процедури за заштита од секаков вид на насилсво во услови на кризи;

-Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста, односно обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината во координација со надлежните институции;

-Намалувањето на ризици од катастрофи (намалување на опасноста од ризиците од катастрофи е мулти-секторски и опфаќа надлежност на повеќе сектори и организации. Впрочем, и прегледот на надлежностите на Општина Демир Хисар во областите на заштита и спасување, управување со кризи, противпожарна заштита и здравствена заштита ја илустрира комплексноста на постојната рамка и потребата за навремена, ефикасна и ефективна координација).

Следствено на погоре наведеното, а со цел да се елаборира интересот и влијанието на заинтересираните страни, истите се групирани во внатрешни и надворешни.

-Внатрешни засегнати страни – ЕЛС Општина Демир Хисар како носител, како и подрачни единици на министерства, управни органи и организации, кои во текот на реализацијата на надлежноста и работните активности соработуваат или зависат од работата на ЕЛС.

-Надворешни засегнати страни – граѓани, одредени целни групи, невладини организации, општински организации на Црвен Крст, образовни институции, експерти и други институции кои директно или индиректно се засегнати или се под одредено влијание од работата на ЕЛС, односно од неговите програми и активности во областа на заштитата и спасувањето и намалувањето на ризици од настанати кризи и кризни состојби.

**Основна цел на програмата:**

-Обезбедување на основни средства за превентивно делување на подрачјето на Општина Демир Хисар; Вршење на едукација и подготовка за превентивно

делување; Опремување на единицата за заштита и спасување и нејзина обука, како и обука на Општинскиот Штаб за заштита и спасување. (склучен е договор со ЈПКД Комуналец за обезбедување на останатите и потребни МТС)

-Организирање на предавања во училиштата и градинките на тема превентива и заштита од пожари и други природни катастрофи; теориска едукација и практични показни вежби за евакуација при природнми непогоди и други несреќи во соработка со ТППЕ Демир Хисар, Подрачното одделение заштита и спасување и Регионалниот центар за управување со кризи Демир Хисар.

За да се остварат поставените и наведени цели, потребни се активности преку кои истите ќе се реализираат.

**3. Активности**

За реализација, функционирање и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општинската администрација и Советот на Општина Демир Хисар ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и состојби и други несреќи.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетни, навремени и во законски рамки реализирани активности.

Општина Демир Хисар преку Програмата за 2026 година, во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетен одговор со кој ќе може брзо и ефикасно да се дејствува на целото подрачје на Општина Демир Хисар, како и да овозможи непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спасувањето и справувањето со кризи кои егзистираат на подрачјето на општината.

За реализација, функционирање и остварување на системот за заштита и спасување, справување со кризи и кризни состојби ќе се спроведат следните активности:

-Редовно ажурирање на сите годишни оперативни планови од наведената проблематика (годишни планови за заштита од поплави и поројни врнежи, план за зимско чистење на локални улици, патишта и други јавни површини);

-Редовно/тековно ажурирање на изготвените плански документи по мерките од планот за заштита и спасување, како и годишно ажурирање на мерките за приправност опфатени во Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Демир Хисар;

-Редовна изработка на известувања до граѓаните со насоки за однесување и превентивни мерки во летниот период од аспект на заштита од пожар;

-Евентуално спроведување на активности што не можат однапред да се предвидат, а што се од интерес за заштита на граѓаните и материјалните добра; Обука на надлежните лица во локалната самоуправа;

-Вежбовни активности на штабот и силите за заштита и спасување

-Подигање на јавната свест (ангажирање на медиуми, публикациии документи и материјали, пред се заради информираност на граѓаните на Општина Демир Хисар за опасностите и ризиците, како и мерките кои треба да се превземаат во случај на нивно настанување или намалување) и

-Набавка на опрема.

Други форми и активности за побезбедна општина со здружување и помагање на субјектите од заштитно-спасувачката организираност на територијата на општината:

-Активности на Општинскиот штаб за заштита и спасување и Регионалниот штаб за управување со кризи кој го формира ЦУК (со можност при учество на идни состаноци и активности на штабот да се внимава на балансирано учество на жени и мажи како носители на мерки и политики),

-Активности на Штабот за заштита и спасување,

-Учество на обуки, семинари, средби и настани организирани од страна на ТППЕ, Дирекцијата за заштита и спасување и Регионалниот центар за управување со кризи и

-Подршка и учество во проектни активности.

Општина Демир Хисар и во 2026 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни/локални органи од соодветната област:

-ТППЕ Демир Хисар,

-Дирекцијата за заштита и спасување, ПО Демир Хисар,

-Регионалниот центарот за управување со кризи,

-Министерството за одбрана,

-МВР и

-ОО на Црвен крст Демир Хисар.

**ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНСКИ БРОЕВИ ТЕЛЕФОНИ ЗА КОНТАКТ ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР:**

-Општина Демир Хисар 047 552 661,

-Единствен број за итни случаи 112,

-МВР ПС ОН Демир Хисар 047 276 177, 192

-Брза помош 047 276 211, 194,

-ТППЕ Демир Хисар 193,

-Регионален центар за управување со кризи Демир Хисар 075 317 792, 075 317 774,

-ЈКП Комуналец Демир Хисар 047 277 577,

-ЈП Национални шуми подружница Бигла Демир Хисар 047 276 941 и

-Општинска организација на Црвен крсте Демир Хисар 047 276 861

**4. Извор на финансиска конструкција**

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Демир Хисар и

-Дополнителни финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и донации, како и средства од доброволни прилози од домашни и странски фондации, правни и физички лица, а се со цел поголема заштита на подрачјето на Општина Демир Хисар.

А) Приходи за активности за заштита и спасување на Општина Демир Хисар за 2026 година:

| **р.б.** | **Извор на приходи** | **Сума** |
|---|---|---|
| **1** | Буџет на Општина Демир Хисар | 100.000 денари |
| **2** | Сопствени приходи од давање на услуги | / |

| | | |
|---|---|---|
| **3** | Приходи од други извори, донации, проекти | / |
| **4** | Вкупно 1+2+3 | 100.000 денари |

Б) Расходи за активности за заштита и спасување на Општина Демир Хисар за 2026 година:

| **р.б.** | **Расходи** | **Сума** |
|---|---|---|
| **1** | Организирање и спроведување обука на штабот за заштита и спасување и просторните сили | 20.000 денари |
| **2** | Чистење на речни корита и канали | 3.000 денари |
| **3** | Набавка на техничка и заштитна опрема за ТППЕ Демир Хисар и просторните сили за заштита и спасување | 40.000 денари |
| **4** | Изработка на програмски содржини од областа на заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштата | 2.000 денари |
| **5** | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди | По потреба |
| **6** | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица – учесници во акции за заштита и спасување | 30.000 денари |
| **7** | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината | / |
| **8** | Тактичко - показни вежби и активности за превенција и справување соприродни непогоди и други несреќи | 5.000 денари |
| **9** | Вкупно 1-8 | 100.000 денари |

**5. Завршни одредби:**

Со спроведување на планираните активности и обезбедување на минимум опрема ќе се обезбеди непречено функционирање на субјектите на заштита во услови на можни природни непогоди и други несреќи.

За спроведувањето на истата се грижи Градоначалникот и Советот на Општина Демир Хисар.

Општина Демир Хисар во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, другите надлежни органи и тела, како и органите и телата на Советот на општина Демир Хисар, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како со покренувањето на иницијативи, така и со давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности. Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Демир Хисар “.

Бр.17-1207/14 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на општина демир Хисар, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/13 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на членовите 22 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02 и и „Службен веник на РСМ“ бр.202/24) и членовите 36, 42, 43, 93, 94 и 110 од Законот за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18 и “Службен весник на РСМ“ бр.215/21), во врска со член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.12/06), член 12 став 1 од Уредбата за начинот на пополнување на резервниот состав на силите за заштита и спасување и средствата од материјалната обврска (“Службен весник на РМ” бр.18/06) а согласно Одлуката за утврдување на персоналниот и материјалниот состав на силите за заштита и спасување (“Службен весник на РМ” бр.124/06), како и Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување и просторни сили за заштита и спасување во Општина Демир Хисар бр.07-587/1 од 30.06.2008 година (“Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.7/08) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година донесе:

**Одлука за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се именуваат лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар во следниов персонален состав:

1) За Командант на Штабот се име нува Никола Најдовски, Градоначалник на Општина Демир Хисар,

2) За Началник на Штабот се именува Игор Дамјаноски, вработен во Општина Демир Хисар.

3) За помошници на Началникот се именуваат:

-За помошник на Началникот за оперативни работи се именува Гоце Мицковски, директор на ЈКП Комуналец Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за прва медицинска помош се именува д-р Габриела Чадевска Тасевска, вработена во ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар, во службата за итна медицинска помош,

- За помошник на Началникот за згрижување и евакуација се именува Томе Милошовски, вработен во Општина Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за заштита и спасување од пожари се именува Васко Илиевски, вработен во Општина Демир Хисар, распореден во ТППЕ Демир Хисар,

- За помошник на Началникот за заштита и спасување од поплави се именува Васко Младеновски, вработен во ПЕ Демир Хисар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,

4)Помошен персонал:

-За извршител-администратор се именува Злате Бошевски, вработен во Општина Демир Хисар,

-За извршител-курир/возач се именува Оливер Петровски, вработен во Општина Демир Хисар и

-За извршител-курир/возач се именува Живко Бошевски, вработен во ЈКП Комуналец Демир Хисар.

**Член 2**

Штабот за заштита и спасување има обврска да ги превземе сите дејствија поврзани со заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи, согласно позитивните законски прописи.

**Член 3**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за именување на лица во составот на Штабот за заштита и спасување на Општина Демир Хисар бр.17-815/4 од 27.06.2022 година.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1207/15 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучокот за објавување на усвојувањето на Етичкиот кодекс на локалните функционери на Општина демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за објавување на усвојувањето на Етичкиот кодекс на локалните функционери на Општина Демир Хисар, донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/14 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на РСМ“ 202/2025), а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 година и 21/23/), донесувам

ЗАКЛУЧОК за објавување на усвојувањето на Етички кодекс на локалните функционери на општина Демир Хисар

1.Го објавувам усвојувањето на Етичкиот кодекс на локалните функционери на Општина Демир Хисар бр.17-1389/6 од 15.11.2022 година, донесен на 23-та седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2. Составен дел на материјалот се изјави за прифаќање на етичкиот кодекс

на локалните функционери на Општина Демир Хисар.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1207/16 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/15 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 80 и 80а од Законот за градење (“Службен весник на РМ” бр. 70/2013, 163/2013, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на општина („Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/2002), Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на 23.12. 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година**

- ***Вовед***

Во согласност со Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Законот за градење (“Службен весник на РМ” бр. 70/2013, 163/2013, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16,132/2016, 35/18, 64/18 и 168/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” број 18/2020, 279/2020, 244/2019, 55/2021, 96/21, 227/22,

111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/2020, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25),, Закон за градежно земјиште("Службен весник на Република Македонија" број 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24 и 233/24 и 87/25), Закон за комунални дејности („Сл.весник на РМ" 95/12, 163/2013; 42/2014; 44/2015; 147/2015; 31/2016; 64/2018; 302/2020; 255/2024; 3/2025; 17/2025;), Закон за комунални такси („Сл.весник на РМ" бр. 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и 151/21), изработена е Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар.

Согласно Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 70/2013, 163/2013, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16,132/2016, 35/18, 64/18 и 168/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" број 18/2020, 279/2020, 244/2019, 55/2021, 96/21, 227/22, 111/23, 224/24, 255/24, 3/25, 17/25, 87/25 и 101/25), потребата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на општина Демир Хисар.

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа програма важи за 2026 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење во смисла на овој закон, урбаната опрема претставува опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци, покриени и непокриени шанкови, пливаќки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината, продажба на храна, жардињери, граничници, опрема за спортско-рекреативни активности.

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема ќе бидат опфатени со измена и дополна на оваа Програма.

### *1. Цел на Програмата*

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Демир Хисар;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на весници, сувенири, цвеќиња);

### *2. Видови на урбана опрема*

Според Законот за градење, урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед,

јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината, продажба на храна, монтажно-демонтажни конструкции, привремени конструкции, фитнес опрема, опрема за спортско-рекративни активности и други реквизити наменети за спорт и рекреација.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

### *2.1. Критериуми за определување на видот на урбана опрема*

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста,
- материјални критериуми,
- финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Демир Хисар треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење.

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

***<u>Информативни паноа</u>***

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на општина , возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните

паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.
Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

***Продажба на весници, сувенири, цвеќе, сладолед и храна***

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на весници, сувенири и сладолед да небиде поголема од 4,0м²,а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м².

***Јавни санитарни јазли***

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

***Самостоечките рекламни паноа***

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбе дност на сообраќајот на пат и штата (“ Сл ужбен весни к на РМ ” бр.54/07, 86/08,98/08 и 64/09)

***Опрема за забава на деца***

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

***Детски игралишта***

Детски игралишта може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

Детското игралиште може да биде типско и во зависност од големината на површината истото може да се мултиплицира.

***Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци***

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.
Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Демир Хисар.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х
1,2м за луѓето со хендикеп.
Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или

прикачени за светилки или фасади на објекти.

***Жардињери, граничници***

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени
објекти

и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.
Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

***<u>Опрема за спортско-рекреативни активности</u>***

1. Под опрема за спортско-рекреативни активности се подразбира опремата за спортско-рекреативни активности и спортски настани, вклучувајки ја целокупната друга урбана опрема дефинирана со посебни стандарди или со посебен Елаборат изготвен од страна на општина Демир Хисар, а која може да биде составена од монтажно демонтажни конструкции, привремени конструкции, опрема за фитнес, спортски реквизити и друга опрема наменета за спорт и рекреација.
2. Опремата за спортско-рекреативни активности се поставува во зони и простори дефинирани од општина Демир Хисар, на парцели и локации подобни за спорт и рекреација, без да го поречуваат движењето на сообраќајот, пешаците, велосипедистите и сл.
3. На површините за поставување на опремата за спортско-рекреативни активности ќе се димензионираат согласно конкретната активност, местоположбата и конфигурацијата на теренот.
4. Поставување на опремата за спортско-рекреативни активности може да биде изработена од континуирани елементи кои ќе бидат прицврстени за фундаменти заради обезбедување на стабилност на истата при нејзино користење од крајните корисници.

***<u>Тераси, шанкови, тенди и настрешници</u>***

Угостителските и деловни објекти на подрачјето на Општина Демир Хисар може да постават урбана опрема, согласно издаденото Одобрение за поставување на урбана опрема донесено од Градоначалник на Демир Хисар. Во одобрените граници за користење на јавна површина може да се постави метална, пластична, дрвена или стаклена ограда. Во тој случај задолжително е истата да биде прицврстена на дрвена платформа-подлога.
Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условитеод оваа Програма и условите од други прописи.
Доколку во просторот околу деловниот објект има организирана јавна пешачка прометна површина на која може да се постави урбана опрема, истата може да излегува од границите на ширината и должината на објектот доколку местото каде што се поставува урбаната опрема

претставува просторна целина, поставувањето не го попречува нормалното движење на пешаци и интервентни возила, ги исполнува пропишаните стандарди од оваа Програма и условите од други прописи.

**-Тераси и шанкови**

1. Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположливата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.225/20) особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по односна непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот(пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско икомунално возило (возила на јавни служби).

2. Не е дозволено затворање на урбаната опрема на летната тераса со најлони, стаклени прегради и сл. За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. тоа се

3. На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери, ограда, чадори, настрешници или тенди.

4. Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

5. Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

6. Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

7. Масите и столиците како елементи на летната тераса мора да бидат изработени од квалитетни материјали.

8. Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, тенди и настрешници) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

9. Чадорите се со минималната слободна височина од 2.4м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткрива само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

**Тенди**

1. Тендите се типски - монтажни елементи конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јавната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот. При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси, минималната слободна височина изнесува 2.8м.

2. Поставената и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса. Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се

спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

**Настрешници**

1. Настрешница е лесен монтажно - демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат фиксно прицврстени за јавната површина.При поставувње на настрешници минималната слободна височина изнесува 2.8м.

2. Доколку се поставуваат настрешници, не се поставуваат други видови на заштита од атмосферски влијанија. Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал илификсна конструкција која вертикално ќе се спушта од настрешницата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

***2.2. Дејности кои можат да се вршат***

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од

Закон за градење.

***3. Преглед на локации на потребна урбана опрема на територијата на Општина Демир Хисар***

Составен дел на програмата е табелата каде се дадени следните информации:

- нумерација на објектите;
- графички прилог за местоположба на урбаната опрема;
- КП каде се наоѓа урбаната опрема;
- површина;
- тип на урбана опрема;
- сопственост.

***4. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема***

Согласно член 80 и 80а од Законот за градење, урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината Демир Хисар.

Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на

Програмата за поставување на урбана опрема во соодветен размер.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Демир Хисар.

Општина Демир Хисар, согласно Законот за градење, води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Демир Хисар, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрението од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Демир Хисар.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

**I. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, рекламни паноа**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата, со микролокациски услови;
2. Основен ревидиран проект;
3. По исклучок на овој член, за урбана опрема - електронски информативни и рекламни паноа (со површина над 30 м2 и со конструктивни елементи) кои се поставуваат на јавни површини, се издава решение согласно со членот 74 од овој закон.

**II. Клупи, чешми, канделабри, корпи за отпадоци и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност**

1. Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови.

**III. Фонтани и водени басени**

1. Извод од програма со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Демир Хисар (во натамошниот текст, надлежно одделение).

Надлежното одделение на општината врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

За 2026 година, општина Демир Хисар планира поставување на урбана опрема во с.Обедник, с.Света, с.Единаковци, с.Слепче, Мургашево, с.Журче, с.Белче и с.Сопотница, а по потреба ќе се уредат и други локации во градот и населените места.

***5. Извори на финансирање на програмата***

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар се финансира од буџетот на општината за 2026 година, буџет на РМ, донации, правни и физички лица.

***5.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема***

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

***6. Динамика на реализација на програмата***

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедени финансиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

***7.Вршење надзор***

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на

урбаната опрема е во согласност со Законот за градење.

### *8. Преодни и завршни одредби*

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Демир Хисар во соработка со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр.17-1207/17 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К
**за објавување на Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/16 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 43 став 1 точка 21 од Статутот на општина Демир Хисар („Сл. гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 23.12.2025 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2026 година**

**ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Изработка на техн.документација (Осн. проект, УП, ревизија)**<br>Изработка на основен проект за реконструкција на локална улица во с.Вирово<br>Изработка на основен проект за реконструкција на дел од општински пат врска регионален пат Р1305- с.Обедник<br>Изработка на основен проект за изградба на пат с.Стругово- Манастир Св.,,Антониј”<br>Изработка на основен проект за изградба на пат с.Слоештица Манастир Св.,,Ѓорѓија” | **1.000.000,00** |
| 2. | **Реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици**<br>Изградба на улици во с.Бараково (вредност 3.038.795,00, должина 547 метри)<br>Реконструкција на улици во с.Загориче (вредност 6.393.939,00, должина 939 метри)<br>Реконструкција на улици во с.Стругово (вредност 4.569.425,00, должина 663 метри)<br>Реконструкцја на локален пат од с.Вардино до Демир Хисар (вредност 31.434.977,00, должина 3 375 метри)<br>Реконструкција на локален пат во с.Смилево (вредност 4.515.526,00, должина 768 метри)<br>Реконструкција на локален пат од с.Жван до Р 1305 (вредност 7.115.550,00, должина 996 метри)<br>Реконструкција на улици во с.Сладуево (вредност 3.017.518,00, должина 354 метри) | |

| | | |
|---|---|---|
| | Реконструкција на дел од ул.,,Маршал Тито” | **5.000.000,00** |
| | **Планирани проекти за аплицирање**:<br>Реконструкција на општински пат – Врска ул.,,Маршал Тито”- с.Слепче- Манастир Св.,,Јован Претеча” (вредност 61.070.061,00, должина 5 600 метри)<br>Реконструкција на општински пат- Врска регионален пат Р1305-с.Суводол (вредност 11.145.718,00, должина 1 130 метри)<br>Реконструкција на локална улица во с.Мренога(вредност 2.021.268,00, должина 400 метри)<br>Изградба на дел од локален пат с.Журче со вклучен армирано бетонски мост на река Журешница (вредност 6.732.191,00, должина 145 метри) | |
| 3. | Надзор над реконструкција на улици | **300.000,00** |
| | вкупно: | **6.300.000,00** |

**Број.17-1207/18**
**23.12.2025 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Никола Дранговски**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за уредување на земјиште на Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за уредување на земјиште на Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/17 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 84 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19 и 101/21), Правилникот за степенот на уредување на градежно земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ“ бр. 193/16, 72/18 и 16/22), член 43 став 1 точка 17 од Статутот на општина Демир Хисар („Сл. гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21), Советот на општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 23.12.2025 година донесе

**ПРОГРАМА**
**за уредување на земјиштето на општина Демир Хисар**
**за 2026год**

Уредување на градежно земјиште во смисла на овој Закон е изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација до градежната парцела.

Планирањето, проектирањето и изведувањето на инфраструктурата се врши според урбанистички планови, урбанистичка планска документација или Урбаниостички проекти за инфраструктура.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, а го вршат општините врз основа на Програма за уредување на градежно земјиште. Ова уредување општината го врши преку јавно претпријатие, трговски друштво или друго лице кое има овластување за вршење комунална или јавна услуга согласно Закон.

Како можност при уредување на градежното земјиште не е исклучено и јавното приватно партнерство, почитувајки ги при тоа принципите на транспарентност, јавност и еднаквост на учесниците. Кога уредувањето на земјиштето се врши преку учество на приватен партнер истиот има право на враќање на вложеното на начин на кој ке го договори со општината. Во вакви случаи опремата, објектите и инсталациите преминуваат во сопственост на општината или јавното претпријатие кои склучуваат договор со приватниот инвеститор за условите и начинот на враќање на инвестицијата, пред да започне изградбата на инвестицијата.

Општините при уредување на градежното земјиште, согласно чл.84, точка 5 од Законот за уредување на градежно земјиште, со Решение воспоставуваат односи на присилна комунална службеност заради поставување на инфраструктурен објект.

**Содржина на програмата за уредување на градежното земјиште:**

1. Простор кој е предмет на уредувањето
2. Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште
3. Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура
4. Извори на финансирање на програмата
5. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и негова распределба
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата
8. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за градење на инфраструктурни објекти
9. Динамика на извршување на програмата
10. Објекти на инфраструктура од јавен интерес на РСМ и оцена за нивното влијание врз животната средина и природата согласно со Закон, што ги финансира РСМ, односно инвеститорот на кого земјиштето му го оттуѓила РСМ
11. Преодни и завршни одредби

**1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО**

Како простор кој е предмет на уредувањето се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општината Демир Хисар, утврдено со Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план за вон населено место, Локална урбанистичка документација, проект за инфраструктура и општите акти со кои се уредува изградбата во селата кои немаат урбанистичка документација.

**2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМИЈИШТЕ**

Со овој дел се утврдуваат работите што го сочинуваат обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште.

Подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изработување на Урбанистички планови и Проекти за изградба на комунална инфраструктура
- Обезбедување на геодетска документација, подлоги и елаборати
-Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура
- Регулирање на имотно правните односи со сопственици на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА**

Опремувањето на градежното земјиште со комунални објекти и инсталации опфаќа две подгрупи:

1. Опремување на земјиштето со објекти од основна инфраструктура, предвидени со УП од заедничко користење од локално значење.

Опремување на земјиштето со објекти од заедничко користење опфаќа:

- Основни градски сообраќајници (магистрални и собирни, тротоари и пешачки површини и зеленило).
- Генерални водови за довод на вода до населбите, филтерски станици и груги водоснабдителни објекти
- Генерални водови за одвод на отпадни и атмосферски води, пречистителни станици и други хидротехнички објекти
- Електрична мрежа и трафостаници до 10кв
- ТФ мрежа

2. Опремување на земјиштето со објекти од секундарна инфраструктура, опфатени со ДУП, УПС и УПВНС од индивидуално користење на објектите од локално значење

Опремување на земјиштето со објекти од индивидуално користење опфаќа:

- Сообраќајници (сервисни, станбени и индустриски улици, како и некатегоризираните сообраќајни површини: пристапни улици, пешачки улици и патеки и јавни паркиралишта)
- Атмосферска и фекална канализација
- Водоводна мрежа
- Електрична нисконапонска мрежа и улично осветлување

Средствата за проектирање и изградба на објектите од точка 3.1 и 3.2 се обезбедуваат од сопствени извори, од трансфери од централна власт, домашни и странски донации, самопридонеси и други извори на средства.

*уредување на локацијата спрема изготвениот проект, пристапите во објектот од улица до влезовите во објектот, партерно уредување, приклучоците на објектот до приклучните места на секундарната мрежа: водовод, канализација, ел.мрежа, паѓаат на товар на градителот затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат во негова сопственост.

Доколку има претходно изградени инсталации во склоп на градежната парцела на која е изградена градбата и е потребно нивно изместување или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на градителот.

За новоформираните парцели трошоците за изместување на инсталациите паѓаат на товар на носителот на правото за уредување на градежното земјиште.

**4. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Уредувањето на градежното земјиште се финансира од средства остварени од надоместоците за уредување и од други средства.

Надоместокот за уредување на градежното земјиште претставува износ кој што корисникот на земјиштето, односно градителот го плаќа пред да добие одобрние за градење.

Од средствата остварени од надоместокот за уредување на градежното земјиште и од други средства утврдени со Програмата за уредување на градежното земјиште се финансираат подготвителни работи, расчистување и опремување на

градежното земјиште, а во согласност со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Програмата за уредување на градежното земјиште за 2026 година се финансира преку следните извори на средства:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на станбени, јавни, деловни, производни објекти и вклопување на бесправно изградени објекти | **500.000,00** |
| 2. | Комунална такса за јавно осветлување (дел) | **5.046.000,00** |
| 3. | Комунална такса за користење на улици при регистрација на возила | **1.100.000,00** |
| 4. | Трансфер од буџет на фондови | **3.400.000,00** |
| 5. | Надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти | **800.000,00** |
| 6. | Надомест за концесии | **5.800.000,00** |
| 7. | Надомест за одржување јавна чистота | **954.000,00** |
| | Вкупно приходи: | **17.600.000,00** |

## 5. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Во 2026 година со оваа програма ќе бидат опфатени повеќе локалитети во градот и тоа:

-Локалитети на кои ќе се регулираат обврските од претходните години
-локалитети на кои се отпочнало со градба во 2025 година
-локалитети на кои ќе се вршат припремни работи за објекти кои ќе се градат во наредните години

Уредувањето на градежното земјиште ќе се врши во зависност од динамиката на приливот на средствата, во обем и степен предвиден со оваа програма преку следните подпрограми:

Ј2 - Одржување и чистење на канали за отпадни води и речни корита
Ј3 - Јавно осветлување
**Ј3 –Јавно осветлување**
Ј4 - Јавна чистота
Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици
Ј8 - Други комунални услуги
ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
ЈГ - Изградба, реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување
ЈИ - Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
ЈФ - Изградба на сообраќајна сигнализација
ЈН - Урбана опрема
ЛА - Спорт и рекреација
Ф1 - Урбанистичко планирање
РА – Заштита на животна средина
ЕА - Капитални трошоци на општината

**Ј2-Одржување и чистење на канали за отпадни води и речни корита**

**вкупно: 300.000,00**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Материјали за улично осветлување, одржување, работна рака и изградба | 400.000,00 |
| 2. | Електрична енергија | 2.800.000,00 |
| | Вкупно | **3.200.000,00** |

**Ј4-Јавна чистота_______________________________________1.300.000,00**

**Ј6 - Одржување и заштита на локални патишта и улици**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на локални патишта и улици (зимско и друго) | 1.490.000,00 |
| 2. | Анализа на состојбата на улична и патна инфраструктура | 10.000,00 |
| | Вкупно: | **1.500.000,00** |

**Ј8 - Други комунални услуги**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Дератизација, дезинфекција, дезинсекција | 220.000,00 |
| 2. | Програма за контрола на популација на бездомни кучиња на територијата на општина Демир Хисар | 400.000,00 |
| 3. | Други комунални услуги | 280.000,00 |
| 4. | Договорни услуги | 100.000,00 |
| | Вкупно: | **1.000.000,00** |

**ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Изработка на техн.документација (Осн. проект, УП, ревизија)**<br><br>Изработка на основен проект за реконструкција на локална улица во с.Вирово<br>Изработка на основен проект за реконструкција на дел од општински пат врска регионален пат Р1305- с.Обедник<br>Изработка на основен проект за изградба на пат с.Стругово- Манастир Св.,,Антониј”<br>Изработка на основен проект за изградба на пат с.Слоештица Манастир Св.,,Ѓорѓија” | **1.000.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **Реконструкција и рехабилитација на локални патишта и улици**<br>Изградба на улици во с.Бараково (вредност 3.038.795,00, должина 547 метри)<br>Реконструкција на улици во с.Загориче (вредност 6.393.939,00, должина 939 метри)<br>Реконструкција на улици во с.Стругово (вредност 4.569.425,00, должина 663 метри)<br>Реконструкција на локален пат од с.Вардино до Демир Хисар (вредност 31.434.977,00, должина 3 375 метри)<br>Реконструкција на локален пат во с.Смилево (вредност 4.515.526,00, должина 768 метри)<br>Реконструкција на локален пат од с.Жван до Р 1305 (вредност 7.115.550,00, должина 996 метри)<br>Реконструкција на улици во с.Сладуево (вредност 3.017.518,00, должина 354 метри) | |
| | Реконструкција на дел од ул.,,Маршал Тито" | 5.000.000,00 |
| | **Планирани проекти за аплицирање**:<br>Реконструкција на општински пат – Врска ул.,,Маршал Тито"- с.Слепче- Манастир Св.,,Јован Претеча" (вредност 61.070,061,00, должина 5 600 метри)<br>Реконструкција на општински пат- Врска регионален пат Р1305-с.Суводол (вредност 11.145,718,00, должина 1 130 метри)<br>Реконструкција на локална улица во с.Мренога(вредност 2.021,268.00, должина 400 метри)<br>Изградба на дел од локален пат с.Журче со вклучен армирано бетонски мост на река Журешница (вредност 6.732.191,00, должина 145 метри) | |
| 3. | Надзор над реконструкција на улици | **300.000,00** |
| | vkupno: | **6.300.000,00** |

**ЈГ – Изградба, реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување**

| | | |
|---|---|---|
| | Реконструкција на водовод во с. Слепче<br>(Средства обезбедени одминистерство за животна срединаво износ од 24.000.000,00)<br>Реконструкција на водовод во с.Загориче | 800.000,00 |
| | | **800.000,00** |

**ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | -Изградба на фекална канализација во с.Вардино (Средства обезбедени одминистерство за животнасредина во износ од3.516.454)<br>-Изработка на друга техничка документација | 100.000,00 |
| | Вкупно: | **100.000,00** |

**ЈФ - Сообраќајна сигнализација**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на сообраќајна сигнализација по улиците Гоце Делчев и 1ви Мај (**Планирани проекти за аплицирање**)<br>Изработка на техничка документација (сообраќајни проекти) | 100.000,00 |
| | Вкупно: | **100.000,00** |

**ЈН - Урбана опрема**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на урбана опрема во с.Обедник, с.Света, с.Единаковци, с.Слепче, Мургашево, с.Белче, с.Журче и с.Сопотница | 500.000,00 |
| | Вкупно: | **500.000,00** |

**ЛА – Спорт и рекреација**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Поставување на подлога тартан на игралишта во с.Сопотница и Демир Хисар | 800.000,00 |
| | Вкупно: | **800.000,00** |

**Ф1 – УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на урбанистичка документација (изработка на план за изградба на храм Св.Кирил и Методиј во Демир Хисар)<br>Изработка на друга урбанистичка документација (урб.план за пат с.Стругово-Манастир Св.,,Антониј” и пат с.Слоештица Манастир Св.,,Ѓорѓија” | 500.000,00<br>300.000,00 |
| | вкупно: | **800.000,00** |

**Р1 – ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Чистење на диви депонии | |

| | | |
|---|---|---|
| | | 100.000,00 |
| | вкупно: | **100.000,00** |

**ЕА – Капитални трошоци на општината**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Надомест за одземен имот | 100.000,00 |
| 2. | Набавка на друга опрема | 200.000,00 |
| 3. | Реновирање на основни училишта во Вардино, Слепче, Жван и Обедник | 500.000,00 |
| | вкупно: | **800.000,00** |

**РЕКАПИТУЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИТЕ ПО ПРОГРАМИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | **Ј2 – Одржување и чистење на канали за отпадни води** | **300.000,00** |
| 2. | **Ј3 – Јавно осветлување** | **3.200.000,00** |
| 3. | **Ј4 – Јавна чистота** | **1.300.000,00** |
| 4. | **Ј6 –Одржување и заштита на локални патишта** | **1.500.000,00** |
| 5. | **Ј8 – Други комунални услуги** | **1.000,000,00** |
| 6. | **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** | **6.300.000,00** |
| 7. | **ЈГ – Изградба, реконструкција и доизградба на системи за водоснабдување** | **800.000,00** |
| 8. | **ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** | **100.000,00** |
| 9. | **ЈФ – сообраќајна сигнализација** | **100.000,00** |
| 10. | **ЈН – урбана опрема** | **500.000,00** |
| 11. | **ЛА – спорт и рекреација** | **800.000,00** |
| 12. | **Ф1-Урбанистичко планирање** | **800.000,00** |
| 13. | **РА-Заштита на животна средина** | **100.000,00** |
| 13. | **ЕА-Капитални трошоци на општината** | **800.000,00** |
| | **Вкупно:** | **17.600.000,00** |

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

| | |
|---|---|
| **Вкупно приходи** | **17.600.000,00** |
| **Вкупно расходи** | **17.600.000,00** |

Во финансирањето на реализацијата на задачите наведени во глава 5 ќе учествуваат и субјектите (ЈКП „Комуналец“) што стопанисуваат со објектите од инфраструктурата, покрај учеството во делот за реконструкција на објектите од комунална инфраструктура, инвестиционо одржување на истите, и во идна изградба на инфраструктурни објекти и мрежи, каде наплатениот надоместок за уредување на градежно земјиште не е доволен за локалитетите

каде не е изградена инфраструктурната мрежа. При тоа субјектите кои стопанисуваат со објектите од инфраструктурата добиваат нови корисници на нивните услуги.

**6. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА**

Појдовна големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програма за уредување на градежно земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе се врши по 1м$^2$ нето корисна површина според важечките нормативи согласно член 4 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ“ бр. 193/16, 72/18 и 16/22).

**Не се плаќа надомест** за уредување на градежно земјиште за објекти кои претрпеле штети од елементарни непогоди (пожари, поплави, снегови, земјотреси и сл.) до висина на нето површината на оштетениот објект, објекти на Месна самоуправа, објекти на Локална самоуправа, објекти кои ќе се градат од средства за уредување на градежното земјиште и објекти ослободени со Одлука на Советот на Општината Демир Хисар.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост и главен проект заверен од Општина Демир Хисар, се уредуваат со Договор склучен помеѓу градителот и Градоначалникот на општината.

Договорот за уредување на градежното земјиште го потпишува Градоначалникот на Општината.

Ако инвеститорот не сака да склучи Договор, а користи макар и делумно уредено земјиште, плаќањето на надоместокот за уредување на градежното се врши по сила на Закон и оваа програма, по судски пат, а надлежен е Основниот суд во Битола.

Доколку при изградбата градителите отстапуваат од техничката документација во рамките на површината за градба и се здобиле со нова станбена или деловна површина, должни се да платат соодветна разлика.

Истата се уредува со Анекс договор за уредување на градежно земјиште за ново изградената површина според утврдениот надоместок во моментот на плаќањето, а по претходно добиена уредна техничка документација од страна на надлежниот орган.

Согласно чл. 20 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти се плаќа надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Доколку вкупниот просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредувањето на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за

уредување на градежното земјиште, градителот не може да добие дозвола за употреба на објектот и приклучоци на комуналната инфраструктура.

Во случај кога градежното земјиште не е уредено со објекти на комунална инфраструктура инвеститорот не плаќа надоместок за уредување, а може да го уреди градежното земјиште на свој трошок, со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување.( Согласно чл. 86 став 1 од Законот за градежно земјиште)

### 6.1. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште

Надоместокот за уредување на градежното земјиште се пресметува според посебни пресметки за секој објект што ќе се гради, а врз основа на вистинските трошоци за уредување на градежното земјиште, односно според единица површина на објектот во зависност од намената и зоната во која што објектот ќе се гради.

**Границите на зоните** за наплата на надоместокот на градежното земјиште утврдени се со посебна Одлука за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Демир Хисар.

**Надомест според зони:**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Станбени објекти -семејни куќи и станбени структури**<br>- **I**зона<br>- **II**зона<br>- **III**зона/села:<br>- **IV** зона /села: | 15 €/м$^2$<br>10 €/м$^2$<br>3 €/м$^2$<br>1 €/м$^2$ |
| **2.** | **Административно - деловни објекти**<br>- **I** зона<br>- **II** зона<br>- **III** зона /села:<br>- **IV** зона /села: | 18 €/м$^2$<br>12 €/м$^2$<br>6 €/м$^2$<br>2€/м$^2$ |
| **3.** | **Индустрискиобјекти, производнипогони**<br>- **I**зона<br>- **II**зона<br>- **III** зона/села:<br>- **IV**зона/села: | 20 €/м$^2$<br>13 €/м$^2$<br>7 €/м$^2$<br>2€/м$^2$ |
| **4.** | **Објектиодјавенкарактер**<br>- I зона<br>- II зона<br>- III зона /села:<br>- IV зона /села: | 10 €/м2<br>7 €/м2<br>3 €/м2<br>1 €/м2 |

**Коефициенти за пресметување:**

**1.За станбени објекти**

- Станбенипростории ----------1,0
- Станб. простории со Н(висина) до 2,5 м$^1$ (подпокривен простор)-- 0,2
- Логија затворена од три страни----0,4
- подлоѓија затворена од две страни----0,3
- балкони,тераси--------0,2
- заеднички проодни тераси, пасажи----0,2
- Помошни простории, остава за гориво, котлара, визба-----------0,3
- трафостаница од 35Кв во објектот и надвор од објектот--------0,3
- скалишен простор и заеднички комуникации----0,3
- стражарници, управител, простории за домар---0,5
- паркиралишта и гаражи------0,1

**2. За деловни, јавни и производни објекти**

- простории----1,0
- магацини----0,5
- помошни простории, остава за гориво, котлара---0,3
- трафостаница до 35Кв во објект и надвор од објект--0,4
- скалишен простор и заеднички комуникации---0,5
- паркиралишта и гаражи---0,1
- лоѓија затворена од од три страни---0,5
- подлоѓија затворена од две страни--0,3
- балкони, тераси----0,4
- отворен наткриен простор----0,3

**3. За други објекти**

- катни гаражи---0,05
- спортски покриени објекти---0,5
- спортски откриен објекти-----0,3
- гасни станици и базни станици за 50% од површината на локацијата---1,0
- отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата----1,0

базени---0,2

трафостаници над 35Кв -----1,0

4. **За објектите од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси**:

- Г1 тешка и загадувачка индустрија, 0,01
- Г2 лесна и незагадувачка индустрија, 0,01
- Г3 сервиси, 0,01
- Г4 стоваришта, 0,01

5. **За бензиска пумпна станица и нејзини придружни содржини( продавници, кафетерии и ресторани, автосервиси, автосалони, помошни простории):**

- продажни простории на бензиските пумпни станици, 1,0
- услужни простории на бензиските пумпни станици, 1,0

6. **За објектите од група на класи на намени Б5- угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објектите од група на класи на намени А4 хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:**

| | | |
|---|---|---|
| | - сите простории, 0,05.<br>**7. За детски градинки, пензионерски домови и домови за стари лица:**<br>- сите простории 0,05.<br>**8. За објекти за високо образование:**<br>- сите простории 0,5<br>**9. За објекти за култура:**<br>- сите простории 0,01<br>**10. За објекти за терцијална здравствена заштита:**<br>- сите простории 0,05<br>**11. За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) 0,01**<br>**12. За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела, 0,01** | |

*За објектите за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса геотермална енергија и хидроенергија), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 11.
*За објектите за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во Република Северна Македонија за последната година, помножена со коефициентот утврден во точка 12.
*За објектите за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници), висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.
За телефонски, ТВ и електрични мрежи висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште ќе изнесува:

-За поставување на столбови:
Прва зона____________________________________________________800,00 ден/единица
Втора зона___________________________________________________700,00 ден/единица
Трета зона___________________________________________________600,00 ден/единица
Четврта зона_________________________________________________500,00 ден/единица
За надвор од населено место______________________________________500,00 ден/единица
-За поставување на надземен и подземен кабел
Прва зона____________________________________________________80,00 ден/м
Втора зона___________________________________________________70,00 ден/м
Трета зона___________________________________________________60,00 ден/м
Четврта зона_________________________________________________50,00 ден/м
За надвор од населено место______________________________________50,00 ден/м

Износите ќе се плаќаат во денарска противвредност на денот на наплатата по средниот курс на НБ на РМ.

Плаќањето може да се врши на рати со што одобрението за градба ќе се добие после целосно исплатен надоместок за уредување на градежно земјиште.Градителот може да отпочне со градба по добивање на одобрението за градење.

**6.2.Распоред на надоместокот за уредување на градежното земјиште**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежното земјиште ориентационо изнесува:

- Објекти и инсталации од заедничко користерење 30%, кој е задолжителен за пресметување и наплата без оглед на степенот на уредување на предметната парцела; и
- Објекти и инсталации од индивидуалното користење 70%, од кои за:
  -фекална канализација 23%
  -атмосферска канализација 30%
  -водовод 6%
  -ниско напонска мрежа (без трафостаница) 5%
  -коловоз асфалтен 27%
  -тротоари 9%

Конкретнотораспоредување на надоместокот за уредување ќе се определува посебно (имајќи ја во предвид горната табела) за секоја локација или комплекс на објекти, а посебно во зависност од тоа какви комунални објекти се изградени или истите се градат.

Овој распоред или надоместок за уредување на градежното земјиште се однесува за надоместокот што е платен од претходни години.

Сопственикот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветна секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветно комунално претпријатие.

Дококолку не добие писмена согласност од комуналното претпријатие Општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

**6.3.Надоместок за претходни работи во уредувањето**

Градителите на градежни работи и градежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации, работи за кои не се пресметува надоместок за уредување на градежно земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежнозанатските работи, но не помалку од 1000 денари.

Од обврска за плаќање на надоместокот за претходни работи во комуналното уредување ослободени се градителите на објекти кои се градат со средства на солидарност, самопридонеси и објекти кои се градат од средствата за уредување на градежното земјиште.

Уплаќањето се врши пред издавањето на одобрение за градење.

**6.4.Надоместок за изградба на објекти во населени места**

Градителите на станбени објекти, јавни, деловни, стопански и индустриски

објекти, помошни простории, гаражи и сл. кои се градат во урбаното подрачје на населените места во Општина Демир Хисар, освен градот Демир Хисар, ќ плаќаат надоместок за подготвителни работи во уредувањето на градежното земјиште во зависност од класификацијата на населените места по зони.

Овие градители сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација /парцелата/ и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

**6.5.надоместок за објекти надвор од подрачјето утврдено со урбанистички план (ГУП, ДУП, УПС)**

Градителите на јавни, деловни, стопански и индустриски објекти, помошни простории, гаражи, полски куќи и сл. кои се градат на територијата на Општина Демир Хисар, надвор од урбаното подрачје на населените места, а согласно Урбанистички план за вон населено место (УПВНМ) или Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД), подлежат на плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште во висина од средствата за подготвителни работи за уредување на земјиштето, како и опремување на земјиштето со објекти и инсталации од заедничко користење, односно уредување на просторот.

Овој надоместок се определува во зависност од класификацијата на населените места /атари/ по зони.

Овие градители сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација /парцелата/ и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

Доколку не постојат претходно изградени работи градителите се ослободуваат од плаќање на надомест за комунално уредување на земјиштето.

**6.6.Општи услови во уредувањето**

Надомест за уредување на градежно земјиште се пресметува врз основа на нова корисна површина што ќе се гради, која е збир на нето површините на подовите на сите простории во објектот, согласно заверена проектна документација, помножени со коефициентите дадени во табела 1.

Во корисна површина не се пресметува површината на ѕидови и други конструктивни елементи, инсталациони канали, окна на лифтови, скали, ниши на врати и отворени паркиралишта.

Ако заради изградба е потребно градителот да отстрани порано изградена градба или нејзини делови, а се наоѓаат во рамките на површината за градба, должен е тоа да го стори по конечноста на одобрението за градење.

Ако градбата која треба да се отстрани се наоѓа надвор од површината за градба, а во рамките на градежната парела, градителот е должен да ја отстрани најдоцна до издавањето на одобрението за употреба.

Ако новиот објект не зафаќа површина од стариот објект кој се наоѓа во состав на истата градежна парцела, а стариот објект е превиден за порушување, пресметката на надоместокот за уредување на градежното земјиште за новиот објект се пресмета 100%, а враќањето на дел од надоместокот за уредување на градежното земјиште по овој основ се врши после порушување на стариот објект во рок од 3 години согласно Законот.

Просториите со нето висина до 2,5 м (член 4 став 1 точка 1 алинеа 2 од Правилникот) се однесуваат само на

простории во поткровје, а за површината на просторот во поткровје каде висината е 2,5м и поголеа се пресметува со коефициент 1,0.

Во подпокривот може да се искористи само една спратна височина.

Градителите на објектите доколку бараат да добијат ново одобрение за градба-доградба или надградба, со кое ќе се здобијат со нов станбен или деловен простор, плаќаат надоместок за уредување на градежно земјиште согласно програмата.

Наплатата на надоместокот за уредување на градежното земјиште се врши одеднаш по пресметка и договор за уредување на градежното земјиште.

**7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

За висината на надоместокот на градежното земјиште се склучува Договор за надоместок на уредување на градежно земјиште, во писмена форма директно помеѓу сопственикот (корисникот) на земјиштето од една страна и градоначалникот на општината од друга страна, врз основа на заверена техничка документација и доставени согласности.

**8. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ**

Општината целосно ја финансира изработката на техничката документација за градење на инфраструктурни објекти предвидени со оваа Програма.

За изработка на техничка документација за изградба на објекти од градски карактер, покрај сопствените средства ќе се бараат и донации од домашни и странски донатори.

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови ќе се врши од буџетот на општината и од правни и физички лица согласно оваа Програма.

**9. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршување на Програмата ќе биде во согласност со:

-приливот на средства од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства;
-навремено изготвување на урбанистичка и техничка документација;
-навремено спроведување на јавните набавки;
-опремувањето на земјиштето ќе отпочне од добивањето на одобрение за градење за објекти од комунална инфраструктура и воведувањето на земјиштето во владение.

**10. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

За спроведувањето на оваа програма е надлежен Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.17-1207/19 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
ДемирХисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за донесување на Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за донесување на Урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/18 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1, точка 2 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) а во согласност со член 40 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/2020, 111/23, 73/24, 171/24 , 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), член 15 и член 43 од Статутот на Општина ДемирХисар (Сл. Гласник на Општина Демир Хисар бр.02/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21),), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025година донесе

**ПРОГРАМА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2026год.**

За изработување на урбанистичките планови и тоа: Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план во населеноместо и Урбанистички план вон населено место, како планови од локално значење, и Урбанистички проекти, доколку донесувачот смета дека се неопходни за спроведување на плановите, општините задолжителн одонесуваат годишна Програма најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година.

Изработката на урбанистичките планови од оваа Програма се финансира од буџетот на општините, буџетот на РСМ, како и од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Финансирањето на изработката на урбанистичките планови од страна на правни и физички лица се врши на начин што со поднесување на иницијативата за изработка на урбанистичкиот план, подносителот приложува и изјава за подготвеност за финансирање на изработката на урбанистичкиот план и за износот на средставата за таа намена. Износот се пресметува согласно Тарифникот за вредноста на работите од областа на урбанистичко планирање.

Оваа Програма општините задолжително ја објавуваат во службеното гласило, на WEB страната од општината, како и во информациски систем е-урбанизам.

**Член 1**

За 2026 година, Општина Демир Хисар предвидува изработка на следните урбанистички планови:

**<u>1. Генерален урбанистички план</u>**

1. Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Се продолжува со постапката за ГУП. Планот е изработен согласно годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и локална урбанистичка планска документација во РМ за 2014год., го изработи Агенцијата за просторно планирање, постапката е прекината со Заклучок за прекин од страна на Министерството за земјоделие.

**<u>2. Урбанистички план за село</u>**

1. Изработка на Општи акти за село Кутретино, село Белче, село Единаковци, село Жван, село Вардино, село Сладуево.

**<u>3.Урбанистички план вон населено место</u>**

1.Изработка на Урбанистички план вон населено место на КП 359, КП 360, КП 361, КП 362, КП 364, КП 365, КП 366, КП 574, КП 577, КП 578, КП 579, КП 580, КП 581, КП 583/1, КП 583/2, КП 584, КП 585, КП 586, КП 587, КП 588, КП 589, КП 590, КП 592, КП 593, КП 594, КП 597, КП 598, КП 600 иКП 601, КО Суво Грло со намена Е1.13- фотоволтаична електрана со моќност до 10 MW. Иницијативата е од страна на инвеститорот Бранислав Трпчевски, со адреса ул.,,Вангел Николоски” бр.20, Охрид. Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од страна на инвеститорот.

**<u>4.Проекти за инфраструктура</u>**

Во постапка за одобрување во текот на 2026 год., се следните Проекти за инфраструктура:

-ПИ за инфраструктура за сообраќајна инфраструктура за селата: Прибилци, Загориче, Брезово, Смилево и Обедник. Проектите за инфраструктура се изработени посебно за секое село, а иницијативите се од страна на општина Демир Хисар.

Согласно член 96 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/2020), започнатите постапки за одобрување на Архитектонско-урбанистички проекти и Проектите за инфраструктура, за ои е заверена или одобрена проектна програма до денот на отпочнување на примена на Законот за урбанистичко планирање, ќе продолжат согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање и понатаму ке се применуваат како урбанистички проекти согласно одредбите на Законот за урбанистичко планирање.

**<u>4. Урбанистички проект</u>**

1.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13- Површински соларни и фотоволтаични електрани на КП бр. 1040/1 и КП бр. 1040/2 за КО Суводол, Демир Хисар. Иницијативата за изработка на Урбанистичкиот проект е од страна на Милан Петровски од Скопје. Целокупните трошоци ке бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

2.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела с онамена Б1- мали единици за комерцијални и деловни

дејности на КП бр.2178/1 и КП бр.2178/2 за КО Демир Хисар. Иницијативата за изработка наУрбанистичкиот проект е од страна на Иван КузмановскиУл.,,Охридска" бр.12,Демир Хисар.Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

3.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6-Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр. 1471/1, м.в.Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар. Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Александар Петров, со адреса на живеење ул.,,Народен фронт" 5/1-68, Скопје. Целокупните трошоци ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

5.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена В5.1-Црква. ,,Св.Марина" на КП бр.1119 и КП бр.1120, м.в,,Марена" КО Велмевци, Општина Демир Хисар.Иницијативата за Урбанистички проект поднесена е од страна на Протојереј Ставрофор Стевче Тошевски од Кичево ул.,,Мара Угриновска Гина"бр..1/1-3, во име на МПЦ. Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата

6.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктурна градба- изградба на сообраќајни површини, улици 3,4,5 и 6 во с.Белче, Општина Демир Хисар. Иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект е од страна на Општина Демир Хисар.

7.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за линиски објекти со намена Е1.8- Инфраструктури за пренос ан електрична енергија-среднонапонски подземен електричен вод КО Слепче, Општина Демир Хисар. Иницијативата за Урбанистички проект е од страна на ДПТУ,,МЕГАВОЛТАИК" ДОО Скопје, со седиште на ул.,,Пелистерска" бр.2/1-2, Скопје. Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

8.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија на КП 728 и др.КО Суво Грло и КП 5108 КО Сопотница, Општина Демир Хисар. -Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на АД,,ИНЕКС ДРИМ" Струга, со седиште на ул.,,Кеј Борис Кидрич" бр.51, Струга. Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

9. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за објект со намена Е1.5 –инфраструктура за водоснабдување- цевковод за транспорт на технолошка вода на КП 1323 и др. КО Демир Хисар вон гр. и КП 68 и КП 67 КО Стругово Општина Демир Хисар. Иницијативата за урбанистички проект е од страна на ДТПУ,,ЗОРЛУ ГЛОБАЛ" ДООЕЛ Ресен со седиште на ул.,,29ти Ноември" бр.176/ ГТЦ-8, Ресен.Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

10.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW и придружни објекти на КП бр.36 КО Стругово, Општина Демир Хисар. Иницијативата за урбанистички проект е од страна на Бранислав

Трпчески, ул.,,Вангел Николовски" бр.20, Охрид.Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

11.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на градби за производство на електрична енергија од обновливи извори од сончева енергија со намена Е1.13 со капацитет до 1 MW и придруќни објекти на КП бр.36 КО Стругово, Општина Демир Хисар. Иницијативата за урбанистички проект е од страна на Бранислав Трпчески, ул.,,Вангел Николовски" бр.20, Охрид.Целокупните трошоци за изработка на урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

12.Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на општински пат ,,с.Сопотница-Манастир Свети Атанасиј". Иницијативата за изработка на урбанистичкиот проект е од страна на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина ДемирХисар.

Бр. 17-1207/20 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025 година Претседател,
Демир Хисар Никола Дранговски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/19 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

**Општина Демир Хисар**
**Одделение за урбанизам, зжс**
**и комунални дејности**

# ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2026 ГОДИНА

Врз основа на член 99 став 1 точка 1, а во врска со член 47 од Законот за градежно земјиште ( "Сл. весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( "Сл. весник на РМ " бр.5/02), ичлен 43 став 17 одСтатутотнаопштинаДемирХисар ("Сл.гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) , Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

## ПРОГРАМА
### за работа во областа на располагањето со градежно земјиште восопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2026 година

**ВОВЕД:**
**Општ дел**

Со донесувањето на новиот Закон за градежно земјиште (" Сл.весник на РМ" бр.15/2015 со измени и дополненија 98/2015, 193/2015, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и

градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите физички и правни лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес на Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежното земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една или повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен или краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А. Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Демир Хисар, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарската 2026 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичко планска документација и урбанистичко проектна документација.

Во годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на општина Демир Хисар.

**Б. Основи за изработка на Програмата**

**Законски основ**

Законски основ на Програмата за располагање со градежното земјиште се:

-Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19, 101/21, 153/23, 61/24, 224/24, 233/24 и 87/25)

- Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.5/02)

-Статутот наопштинаДемирХисар ( “Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21”)

**Основни плански документи**

-Програма за изработка на урбанистички планови

-Стратегија за рурален развој на општина Демир Хисар

-Генерален урбанистички план на Демир Хисар

-Други стратешки докумнети

**1. Цели на програмата**

**1.1Општи цели на програмата**

Обезбедувањенаусловизасоцио-економскиразвојнаопштината, прекуправењепросторниусловизаразвој.

**1.2Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните правни лица и граѓани преку реализацијата на оваа Програма можат да обезбедат градежно неизградено земјиште за изградба на нови простори за вршење на дејност. Со тоа ќе придонесат за натамошен развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси и вработување на лица, а со тоа и обезбедување на подобри услови за живеење.

**2. Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**

Со оваа програма се опфатени парцели од градежно земјиште кое е

исклучиво во спственост на Република Северна Македонија, односно не се земени во предвид парцели на кои покрај Република Северна Македонија има и друг сопственик, односно парцели коишто до донесување на програмата се идентификувани како такви.

**2.1.1 Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во населено место Демир Хисар, идентификувани со број на градежни парцели, согласно Урбанистички план вон населено место за ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО КО ДЕМИР ХИСАР, донесен со Одлука на Совет за донесување на УПВНМ, КО Демир Хисар бр. 07-922/2 од 04-12.2014.**

| | ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР | | |
|---|---|---|---|
| | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА** | **ГП 1.1** | **УПВНМ за индустриска зона во КО Демир Хисар** |

**Информации за градежната парцела**

Нумерација на градежна парцела ГП 1.1
Група на класи на намена Г
Основна класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија
Површина на градежната парцела 3.505,72 $м^2$
Утврден дел (простор) од градежната парцела за градење на повеќе градби 2.422,81 $м^2$
Максимална височина на градбите до венец не е лимитирано
Максимален број на спратови не е лимитирано
Максимален процент на изграденост 69.1 %
Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела до 2,0
Почетна/утврдена цена по $м^2$ 61,00 денар
Вкупна почетна/утврдена цена 213,866,00 денари

**Напомена:**
-Намена: Во градежната парцела покрај основната намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) може да се планираат и компатибилни намени до 49% (Г2, Г3 и Г4)
- Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од индустриска улица.
- Паркирањето ќе се реши во рамки на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе е определи согласно чл.59 од ПСНУП (Сл. Весник на РМ бр.142/15).

**Напомена:**Во градежната парцела, во рамки на утврдениот простор за градење планирана е изградба на повеќе градби. Градежната парцела согласно на ЗУП ќе биде разработувана со Урбанистички проект.


Г2
Г.П.1.1
Г.П.1.2
Г.П.1.3
Г.П.1.4
Г.П.1.5
Г.П.1.6
Г.П.1.7
Е2
39 паркинг места
SPORTSKA SALA
JORDAN PIPERKATA
1721/1
1720/1
ВОДОСНАБДИТЕЛЕН
СИСТЕМ
ЗАШТИТЕН ПОЈАС

**2.1.2 Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во населено место Демир Хисар, идентификувани со број на градежни парцели, согласно Урбанистички план вон населено место за ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО КО ДЕМИР ХИСАР, донесен со Одлука на Совет за донесување на УПВНМ, КО Демир Хисар бр. 07-922/2 од 04-12.2014.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР** | | |
| | **ГРАДЕЖНАПАРЦЕЛА** | **ГП 1.2** | **УПВНМ за индустриска зона во КО Демир Хисар** |

**Информации за градежната парцела**

Нумерација на градежна парцела ГП 1.2
Група на класи на намена Г
Основна класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија
Површина на градежната парцела 3.610,57 м$^2$
Утврден дел (простор) од градежната парцела за градење на повеќе градби 2.515,81 м$^2$
Максимална височина на градбите до венец не е лимитирано
Максимален број на спратови не е лимитирано
Максимален процент на изграденост 69,7%
Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела до 2.0
Почетна/утврдена цена по м$^2$ 61,00 денар
Вкупна почетна/Утврдена цена 220,271,00 денари

**Напомена:**
-Намена: Во градежната парцела покрај основната намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) може да се планираат и компатибилни намени до 49% (Г2, Г3 и Г3).
-Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од индустриска улица.
-Паркирањето ќе се реши во рамки на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно чл.59 од ПСНУП (Сл. Весник на РМ бр.142/15)
**Напомена:** Во градежната парцела, во рамки на утврдениот простор за градење планирана е изградба на повеќе градби. Градежната парцела согласно на ЗУП ќе биде разработувана со Урбанистички проект.


Г2
Г.П.1.2
Г.П.1.1
Г.П.1.3
Г.П.1.4
Г.П.1.5
Г.П.1.6
Г.П.1.7
E2
Г.П.1.9
BOLNICA ZA DUŠEVNI BOLESTI - D. HISAR
SPORTSKA SALA
JORDAN PIPERKATA
1721/1
1720/1
1714
39 паркинг места
ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ
ЗАШТИТЕН ПОЈАС
РЕЦИПИЕНТ - ВОДОТЕК Ø400

**2.1.3 Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во населено место Демир Хисар, идентификувани со број на градежни парцели, согласно Урбанистички план вон населено место за ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО КО ДЕМИР ХИСАР, донесен со Одлука на Совет за донесување на УПВНМ, КО Демир Хисар бр. 07-922/2 од 04-12.2014.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР** | | |
| | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА** | **ГП 1.3** | **УПВНМ за индустриска зона во КО Демир Хисар** |

**Информации за градежната парцела**

| | |
|---|---|
| Нумерација на градежна парцела | ГП 1.3 |
| Група на класи на намена | Г |
| Основна класа на намена | Г2 лесна и незагадувачка индустрија |
| Површина на градежната парцела | 3.825,73 м$^2$ |
| Утврден дел (простор) од градежната парцела за градење на повеќе градби | 2.702,46 м$^2$ |
| Максимална височина на градбите до венец | не е лимитирано |
| Максимален број на спратови | не е лимитирано |
| Максимален процент на изграденост | 70,6% |
| Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела | до 2,0 |
| Почетна/утврдена цена по м$^2$ | 61,00 денар |
| Вкупна почетна/Утврдена цена | 233,386,00 денари |

**Напомена:**

**-**Намена: Во градежната парцела покрај основната намена Г2 ( лесна и незагадувачка индустрија) може да се планираат и компатибилни намени до 49% (Г2, Г3 и Г4)

**-**Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од индустриска улица.

**-**Паркирањето ќе се реши во рамки на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно чл.59 од ПСНУП (Сл.Весник на РМ бр.142/15).

**Напомена:** Во градежната парцела, во рамки на утврдениот простор за градење планирана е изградба на повеќе градби. Градежната парцела согласно на ЗУП ќе биде разработувана со Урбанистички проект.


BOLNICA ZA DU[EVNI BOLESTI - D. HISAR
SPORTSKA SALA JORDAN PIPERKATA
1721/1
1720/1
1714
39 паркинг места
Г2 Г.П.1.1
Г2 Г.П.1.2
Г2 Г.П.1.3
Г2 Г.П.1.4
Г2 Г.П.1.5
Г2 Г.П.1.6
Г2 Г.П.1.7
Е2
ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ
РЕЦИПИЕНТ - ВОДОТЕК Ø400

**2.1.4 Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во населено место Демир Хисар, идентификувани со број на градежни парцели, согласно Урбанистички план вон населено место за ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВО КО ДЕМИР ХИСАР, донесен со Одлука на Совет за донесување на УПВНМ, КО Демир Хисар бр. 07-922/2 од 04-12.2014.**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР** | | |
| | **ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА** | **ГП 1.4** | **УПВНМ за индустриска зона во КО Демир Хисар** |

**Информации за градежната парцела**

| | |
|---|---|
| Нумерација на градежна парцела | ГП 1.4 |
| Група на класи на намена | Г |
| Основна класа на намена | Г2 лесна и незагадувачка индустрија |
| Површина на градежната парцела | 2.925,62 м$^2$ |
| Утврден дел (простор) од градежната парцела за градење на повеќе градби | 1.946,32 м$^2$ |
| Максимална височина на градбите до венец | не е лимитирано |
| Максимален број на спратови | не е лимитирано |
| Максимален процент на изграденост | 66,5% |
| Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела | до 2.0 |
| Почетна/Утврдена цена по м$^2$ | 61,00 денар |
| Вкупна почетна/Утврдена цена | 178,486,00 денари |

**Напомена:**

**-**Намена: Во градежната парцела покрај основната намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) може да се планираат и компатибилни намени до 49% (Г2, Г3 и Г4)

**-**Колскиот пристап во градежната парцела е планиран од индустриска улица.

**-**Паркирањето ќе се реши во рамки на градежната парцела. Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно чл.59 од ПСНУП (Сл.Весник на РМ бр.142/15).

**Напомена:** Во градежната парцела, во рамки на утврдениот простор за градење планирана е изградба на повеќе градби. Градежната парцела согласно на ЗУП ќе биде разработувана со Урбанистички проект.


Г2
Г.П.1.1
Г.П.1.2
Г.П.1.3
Г.П.1.4
Г.П.1.5
Г.П.1.6
Г.П.1.7
E2
BOLNICA ZA DU[EVNI
BOLESTI - D. HISAR
SPORTSKA SALA
JORDAN PIPERKATA
1721/1
1720/1
1714
39 паркинг места
ВОДОСНАБДИТЕЛЕН
СИСТЕМ
ЗАШТИТЕН ПОЈАС

**2.1.5 Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во населено место Демир Хисар, идентификувани со број на градежна парцела, согласно Детален урбанистички план за ИНДУСТРИСКА ЗОНА-Демир Хисар донесен со Одлука на Совет за донесување на ДУП за Индустриска зона во Демир Хисар со број 08-120/1 од 02.09.1994 разработен со Архитектонско урбанистички проект за препарцелација на ГП на КП 233/1, КП 233/2, дел од КП 233/3, дел од КП 233/4, дел од КП 233/5, дел од КП 233/6, дел од КП 74/1 и дел од КП 2259, КО Стругово од ДУП за индустриска зона во Демир Хисар, одобрен од Градоначалник со Решение за одобрување со број 11-605/18 од 25.11.2020 година.**

| | ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР | | |
|---|---|---|---|
| | Градежнапарцела | ГП 1.3 | ДУП заИндустрисказона-ДемирХисар АУП запрепарцелацијана ГП на КП 233/1, КП 233/2, делод КП 233/3, делод КП 233/4, делод КП 233/5, делод КП 233/6, делод КП 74/1 и делод КП 2259, КОСтруговоод ДУП заиндустрисказонавоДемирХисар |

**<u>Информации за градежната парцела</u>**

1.Нумерација на градежна парцела ГП 1.3

2.Група на класи на намена Г

3.Основна класа на намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија

4.Компатибилна класи намена Д4, Г3, Г4

5.Површина на градежната парцела 6.646,10 м2

6.Утврден дел (простор) од градежната парцела за градење на повеќе градби 3.817,04 м$^2$

7.Бруто развиена површина 7635,48 м$^2$

8.Максимална височина на градбите до венец 18.00 м

9.Максимален број на спратови П+1

10.Максимален процент на изграденост 57,44%’

11.Коефициент на искористеност во однос на градежната парцела 1,15%

12.Почетна/Утврдена цена по м$^2$ 61,00 денар

13.Вкупна почетна/Утврдена цена 405.412,01 денар


180
179
237
233/4
233/3

**3. Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање односно претпоставување на заинтересираните страни за купување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори и претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ке биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни.

Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата мора да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**3.1 Мисија на општината**

Општина Демир Хисар има за цел да обезбеди, одржлив развој користејќи ги природните ресурси и човечки потенцијали, за подобрување на економските услови и квалитетот на живот на целокупното население во заедницата.

За остварување на мисијата општина Демир Хисар е насочена кон:

- Привлекување на домашни и странски инвестиции за градба на нови и ревитализација на постоечки стопански капацитети со активно промовирање на расположливите ресурси кои ги нуди општината.

**3.2 Дефинирање на целни групи за одделни групи на градежни парцели**

Согласно соодветно утврдената категоризација по категории во генералниот урбанистички план и деталните урбанистички планови на соодветен начин се дефинираат и утврдени целните групи за одделни градежни парцели и согласно нивниот интерес.

**3.3Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали**

- Организирање на форуми
- Собири на граѓани
- Рекламни спотови
- Веб сајт информации

**3.4 Дефинирање на временска рамка за имплементирање на маркетинг стратегијата**

Имплементацијата на маркетинг стратегијата ќе се врши континуирано се до реализација на Програмата.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

**4.1 Турнуси за објавување оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси**

Постапката за оттуѓување и давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Македонија , по пат на јавно наддавање се спроведува согласно со одредбите на Законот за градежно земјиште ( “Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19), со електронско јавно наддавање , со претходно дадена објава од страна на Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање во:

-два дневни весници кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус ќе опфати објава на огласи за градежните парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети. Динамиката на реализација ќе се одвива согласно интересите и плановите на реализација на Буџетот на општина Демир Хисар.

**4.2 Надлежност за реализација на Програмата**

Надлежност за спроведување на постапките за оттуѓување или давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија има Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање која ќе биде формирана од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар согласно Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 30/16, 31/16, 142/16, 190/16, 275/19).

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи кумулативно за сите градежни парцели според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште е околу 1.251,421 денари.

**6. Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата ги опфаќа проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување 60,000 денари

-трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште. 30,000 денари

**7. Преодни и завршни одредби**

- Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува,
- За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општината.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Демир Хисар".

Бр. 17-1207/21 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Годишна програма на активностите за еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Хисар за 2026 година**

1.Ја објавувам на Годишната програма на активностите за еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Хисар за 2026 година, донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/20 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ЗА 2026 ГОДИНА

Годишната програма за еднакви можности на Општина Демир Хисар претставува оперативен документ кој ги утврдува приоритетите, активностите и мерките за унапредување на родовата еднаквост и спречување на дискриминација на годишно ниво. Програмата ги опфаќа политиките и иницијативите насочени кон создавање услови за еднакво учество, статус, третман и пристап до права и ресурси за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот.

Еднаквоста меѓу жените и мажите е темелно човеково право и основна вредност на демократското уредување. За да биде ова право ефективно, неопходно е негово целосно интегрирање во политичката, економската, социјалната и културната сфера. Иако е постигнат значителен напредок, родовите нееднаквости и понатаму се присутни – во пристапот до

ресурси, можности за вработување и заработка, здравствени услуги, како и во рамките на семејните односи и секојдневните општествени практики. Овие нееднаквости се резултат на длабоко вкоренети социјални стереотипи и модели на однесување кои влијаат врз позицијата на жените и мажите во општеството.
Промовирање на родово – одговорни политики и буџетирање е предуслов за транспарентно, отчетно и инклузивно локално управување. Воспоставување еднакви можности е обврска на сите јавни и приватни субјекти и подразбира активно отстранување на бариерите што ја ограничуваат целосната родова рамноправност. Родовата еднаквост е уставно начело во Република Северна Македонија и една од темелните вредности на Европската Унија, утврдена уште со Договорот од Рим (1957), кој го воведува принципот на еднаква плата за еднаква работа и поставува рамка за намалување на родовиот јаз.

Оваа Годишна програма за 2026 година е изработена врз основа на **Законот за еднакви можности на жените и мажите и Национална стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027**, со цел унапредување на статусот на жените, континуиран развој на родовата рамноправност и зајакнување на механизмите за заштита од дискриминација. Во рамките на своите надлежности, единиците на локалната самоуправа имаат обврска да го применуваат принципот на еднакви можности, да преземаат основни и посебни мерки согласно членовите 5, 6 и 7 од Законот, да подготвуваат годишни планови за нивна реализација и да го интегрираат родовиот аспект во своите стратешки планови и буџети.
Координаторот за еднакви можности и Комисијата за еднакви можности (КЕМ) имаа клучна улога во иницирањето, следењето и унапредувањето на мерките за родова еднаквост на локално ниво преку соработка со институциите, организациите и заедницата.

**Со цел континуирано подобрување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење и заштита и спречување на дискриминација на територијата на Општина Демир Хисар, планирани се следните активности во 2026 година:**

| Конкретни цели | Предвидени мерки и активности | Временска рамка | Индикатори | Одговорни за спроведувањ е | Буџет (ден.) |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прибирање на родово – разделени податоци | Јануари – декември 2026 | - Изготвен 1 документ со родово-разделени податоци со: - број на жени/мажи вработени по позиции во училишта; -број на жени/мажи вработени по позиции во Општина; - број на жени/мажи вработени по позиции во Јавно комунално претпријатие; - број на жени/мажи управители во фирми | Координатор за еднакви можности | Нема буџетски импликации (ќе се спроведе од страна на Координаторот и општинските служби) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. Економско јакнење на жените**<br><br>**Зголемување на вработеноста на жените** | Организирање на обуки за јакнење на самодовербата на невработените жени и промоција на мерки за вработување и сопствен бизнис<br>(2. обуки)<br><br>Едукација и помош при аплицирање и доставување на документација за регистрирање на жени – земјоделки<br><br>Едукација и поддршка за аплицирање и искористување на Ипард програми за жени земјоделки**.**<br><br>Организирање на гастрономски саем на производи на жени од општината. | Јуни – декември, 2026 година | - најмалку 50 жени обучени за јакнење на самодовербата (списоци на учеснички и добитнички на сертификати);- најмалку 50 жени информирани з мерките за државата за вработување и започнување бизнис (списоци на учеснички); - број на започнати бизниси и на вработени жени со мерките; - најмалку 50 жени едуцирани за регистрирање како земјоделки; - најмалку 50 жени поддржани за аплицирање за ИПАРД; - број на жени учеснички на саемот | Општина, КЕМ, Координатор за еднакви можности<br><br>АВРМ, Канцеларија на АПРЗ | 20.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3. Унапредување на здравјето на мажите и жените во однос на малигните заболувања** | Спроведување здравствена едукација за рано откривање на малигни заболувања (2. трибини)<br><br>Одбележување на месец октомври – месе на рак на дојка | Октомври и ноември, 2026 година | -Спроведени најмалки 2 предавање за 50 жени и 50 мажи (2 посебни трибини);<br>-за 20% зголемен степен на знаење за сопственото здравје;<br>-број на контролни прегледи од мажи и жении;<br><br>-број на опфатени жени со помагала | Општина, КЕМ, Координатор за еднакви можности<br><br>Граѓански организации<br><br>ОО Црвен крст, Демир Хисар<br><br>ЈЗУ Здравствен дом, Демир Хисар | 10.000,00 |
| **3. Поддршка на еднородителски семејства** | Обезбедување училиштен прибор за деца од еднородителски семејства<br><br>Обезбедување бесплатни факултативни активности за деца од | 2026 година | -број на деца опфатени со мерките | Општина, КЕМ<br><br>Координатор за еднакви можности<br><br>Центар за социјални работи | 15.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.Намалување, превенција и заштита од родово-базирано насилство, семејно насилство и други облици на насилство, како и заштита на жртвите** | еднородителски семејства (членарина во библиотека, играорна, спорт и др.)<br>Спроведување обуки со ученици од средното училиште за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирани насилство (особено во интернет просторот)<br><br>Организирање на средба со претставници од советувалиште за помош на лица жртви од семејно насилство<br><br>Одбележување на светската кампања: „16 дена активизам против родово – базирано насилство", преку кампања на | јануари – јуни и октомври – декември за обуките за ученици, 2026 година<br><br>26 ноември - 16 декември, 2026 година за кампањата | -најмалку 50 ученици (момчиња и девојчиња) обучени за препознавање на родово базираното (сајбер) насилство<br><br>-за 20% зголемено знаење за препознавање на родово базираното насилство (сајбер) насилство<br><br>-најмалку 50 ученици (момчиња и девојчиња) информирани и едуцирани за сексуално образование, заштита од преносливи болести и несакана бременост.<br><br>-најмалку 1.000 лица опфатени со онлајн кампањата | Општината во соработка со НВО и училиштата | 15.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | социјалните медиуми, поставување на Билборд во општината и информативни печатени материјали.<br><br>Организирање едукативни работилници за деца од повисоките класови во средното училиште на тема сексуално образование, заштита од преносливи болести и несакана бременост. | | -за 20% зголемено знаење за теми од сексуално образование. | | |

**Вкупно 60.000,00 ден.**

**Изработил:**

**Даниел Станојоски, помлад референт**
**Координатор за еднакви можности**

Бр. 17-1207/22 — Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година — Претседател
ДемирХисар — Никола Дранговски

**ДЕКЕМВРИ, 2025**
**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на член во Училишен одбор-претставник од општина Демир Хисар во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на член во Училишен одбор-претставник од општина демир Хисар во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жаван општина Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/21 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ” бр. 5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во врска со член 106 став 2 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ” бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), советот на Општина Демир Хисар на седниицат одржана на 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување член во училишен одбор во ООУ ,, Браќа Миладиновци” с.Жван, Општина Демир Хисар**

1. За член во училишен одбор во ООУ ,,Браќа Миладиновци” с.Жван, Општина Демир Хисар претставник од локална самоуправа се именува

   - Ана Станковска, с.Жван

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до

-архива на Општина Демир Хисар

-именуван член

-ООУ ,,Браќа Миладиновци” с.Жван

Бр. 17-1207/23 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/22 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), како и член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, ..., 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, ..., 193/25, Советот на Општината Демир Хисар на седницата одржана на 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување членови во Управен одбор**
**на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар**

1. Со ова решение се разрешуваат од членови на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар, Љупчо Ангелевски, Никола Најдовски именувани со решение бр.17-415/17 од 13.04.2022 година и Борче Ѓоревски, Александар Здравевски и Илче Ангелевски именувани со решение бр.17-597/9 од 24.06.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ .

Бр. 17-1207/24 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/23 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М” бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во врска со член 17 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07,…,35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр.275/19,…, 193/25), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар**

1. За членови во Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар се именуваат:
   - Катерина Костовска, Демир Хисар
   - Петар Велевски, с.Сопотница
   - Анита Цветковска, Демир Хисар
   - Анита Богдановска, с.Сопотница
   - Никола Најдовски, Демир Хисар
2. Со донесување на ова решение престанува да важи решение бр. 17-415/17 од 13.04.2022 година и решение бр.17-597/9 од 24.06.2024 година.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар и именувани членови.

Бр. 17-1207/25 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/24 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М" бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24"), како и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23"), а во врска со член 26 став 5 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, ..., 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ" бр.275/19,...,193/25), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување членови во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар**

1. Со ова решение се разрешуваат од членови во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар,

Даниела Трајковски, Христијан Ристевски именувани со решение бр. 17-415/18 од 13.04.2022 година и Дејан Босилковски именуван со решение бр. 17-597/10 од 24.06.2024 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ .

Бр. 17-1207/26 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/25 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М” бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23”), а во врска со член 26 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/96, 06/02, 40/03, ..., 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр.275/19,...,193/25), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар**

1. За членови во Надзорен одбор на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар се именуваат:

- Христијан Ристевски, с.Слепче
- Ивица Таневски, с.Суводол
- Даниела Толевска Нешковска, Демир Хисар

2. Со донесување на ова решение престанува да важи решение бр. 17-415/18 од 13.04.2022 година и решение бр.17-597/10 од 24.06.2024 година.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, ЈКП ,,Комуналец" Демир Хисар и именувани членови.

Бр. 17-1207/27 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување на членови во Управен одбор на ЈП „Дехи Транс" Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/26 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24"), член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општината Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), како и член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, ..., 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, ..., 193/25, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување членови во Управен одбор**
**на ЈП ,,Дехи Транс" Демир Хисар**

1. Со ова решение се разрешуваат од членови на Управен одбор на ЈП ,,Дехи Транс” Демир Хисар, Љупчо Темелковски, Марина Колевска, Сузана Ванчевска именувани со решение бр.17-415/20 од 13.04.2022 година, Зоран Божиновски именуван со решение бр.17-469/6 од 21.04.2022 година и Златко Јовановски именуван со решение бр.17-690/9 од 26.05.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ .

Бр. 17-1207/28 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за именување на членови во Управен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Управен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар, донесено на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 23.12.2025 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1249/27 Општина Демир Хисар**
**24.12.2025година Градоначалник**
**ДемирХисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М” бр.5/02 и ,,Службен весник на РСМ бр.202/24”), како и член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар (,,Службен гласник на Општина Демир Хисар” бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), а во врска со член 17 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ” бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07,…,35/19 и ,,Службен весник на РСМ” бр.275/19,…, 193/25), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на членови во Управен одбор на ЈП ,,Дехи Транс” Демир Хисар**

1. За членови во Управен одбор на ЈКП ,,Дехи Транс” Демир Хисар се именуваат:

   - Марина Калевска, с.Вардино
   - Сузана Ванчевска, с.Кутретино
   - Златко Јовановски, с.Суводол
   - Ивица Гацовски, с. Суводол
   - Александар Поповски, с.Слепче

2. Со донесување на ова решение престанува да важи решение бр. 17-415/20 од 13.04.2022 година, решение бр.17-469/6 од 21.04.2022 година и решение бр. 17-690/9 од 26.05.2022 година.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Решението се доставува до архива на Општина Демир Хисар, ЈП ,,Дехи Транс” Демир Хисар и именувани членови.

Бр. 17-1207/29 Совет на Општина Демир Хисар
23.12.2025година Претседател
Демир Хисар Никола Дранговски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02 и Сл.весник на РСМ бр.202/24/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за разрешување на членови во Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар**

